# СТАТУТ

НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 и 18 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010 ,135/11 ), член 14 од Законот за спорт на РМ (Службен весник на Република Македонија бр.29/02; 66/04; 81/08; 51/11; 64/12; 148/13; 187/13; 42/14; 138/14; 177/14; 72/15;153/15; 6/16; 55/16; 61/16;106/16 и190/16) и член 43 став 1 точка а) од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија ( Макфудбал, в.б 20 од 19 09.2012 година) , делегатите на Редовното Генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година ги усвоија измените и дополнувањата,утврдија изготвување на пречистен текст со што го донесоа следниот:

# С Т А Т У Т

## НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

### I. ДЕФИНИЦИИ

За потребите и целите на овој Статут во понатамошниот текст ќе се користат следните термини подредени тематски:

**Правила на игра**: правила утврдени од страна на ИФАБ според кои се игра фудбалската игра 11/11.

**ИФАБ(IFAB**): Меѓународен Одбор(Борд) на фудбалски сојузи, како единствен надлежен орган кој може да ги издава и менува правилата на игра;

**Фудбал**: игра која ја контролира и организира ФИФА во согласност со правилата за игра;

**11/11**: фудбалска игра во која учествуваат по 11 учесници од двете страни;

**Професионален фудбал**: игра која ја контролира ФИФА , организирана во согласност со Правилата на играта и Правилата на ФИФА;

**Играч/фудбалер**: физичко лице регистрирано за играње фудбал согласно одредбите на актите за регистрација на фудбалери на ФФМ ;

**ФИФА**: Меѓународна Федерација на фудбалските сојузи (Federation Internationale de Football Association) ;

**УЕФА:** Унија на Европски фудбалски сојузи ( Union des Associations Européennes de Football );

**ФФМ**: Фудбалска федерација на Македонија;

**УО**: Управен одбор на Фудбалската федерација на Македонија

**Територијална фудбалска организација**:

-Регионален фудбалски сојуз (РФС): фудбалска организација на територија на Р.Македонија организирана на територијална основа , субординирана во однос на ФФМ;

-Општински фудбалски сојуз (ОФС): фудбалска организација на територија на Р.Македонија организирана на територијална основа која е субординирана во однос на Регионалниот фудбалски сојуз и ФФМ;

**Здружение на фудбалски чинители** : фудбалска организација субординирана во однос на ФФМ (група на клубови, тренери, судии, играчи, регистрирани како правно лице на територија на Р.Македонија);

**Член**: секое правно или физичко лице примено во членство ;

**Членка**: секое правно лице примено во членство на ФФМ согласно Статутот на ФФМ;

**Статутарен орган на ФФМ**: Колегијален или инокосен орган, формиран согласно одредбите на овој Статут , неопходен за извршување на целите на ФФМ;

**Службени лица**: делегати на собрание, членови на одбори и комисии, тренери, судии, делегати на натпревари као и останати лица вклучени во фудбалската организација одговорни за технички, медицински, административни и други прашања кои произлегуваат од фудбалската игра и фудбалската организација;

**Спортски арбитражен трибунал** : Арбитражен суд во кој може да се договори надлежност за арбитражно решавање на спорови помеѓу спортски здруженија и организации ,спортисти, физички и правни лица кои вршат спортска дејност од областа на фудбалот.

**ЦАС**: Меѓународен арбитражен суд за спорт во Лозана (Швајцарија);

**Редовен суд**: суд на државата кој е надлежен за јавни и приватни правни спорови;

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

***Назив, седиште и законска форма***

**Член 1**

Фудбалската Федерација на Македонија е независна, доброволна, непрофитна, национална организација од областа на фудбалскиот спорт, основана врз основа на позитивните законски прописи на Република Македонија, регистрирана во соодветниот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија како здружение, во согласност со Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт на Република Македонија.

**Член 2**

ФФМ, како национална спортска федерација има исклучива надлежност да го организира и уредува фудбалски спорт на територија на Република Македонија.

**Член 3**

ФФМ е неполитичка и непрофитна спортска организација заснована на принципите на интегритет и спортски дух во согласност со принципите на фер плеј, основана на 16.08.1948 година.

Независноста, правата и обврските на Фудбалската федерација на Македонија произлегуваат и се уредени со актите на ФФМ, ФИФА, УЕФА и одредбите на Законот за спорт преку кои се обезбедува автономијата односно независноста на ФФМ .

Седиштето на Фудбалската Федерација на Македонија е во Скопје, на адреса бул. АСНОМ број 21.

Скратениот назив на Фудбалската Федерација на Македонија е ФФМ.

***Знаме, амблем, печат и штембил***

**Член 4**

Знамето на ФФМ е во нијансирана жолто-портокалова боја, со димензија од 200см x 100см, во средината се наоѓа фудбалска топка со димензии од 45 см, под топката стојат иницијалите на ФФМ со димензии од 22см x 81см, со кирилична поддршка и зборовите „обединети од радоста што ја носи фудбалот" со димензии од 22см x 81см.

Амблемот на ФФМ е во облик на штит во црвена боја со форма на стилизирано срце. Позадината на штитот е во бела боја. Во центарот на штитот се наоѓа фудбалска топка во бела боја прошарана со црвени линии околу која има стилизирани и динамично поврзани осум жолто-портокалови сончеви зраци. Во горниот дел од штитот стојат иницијалите на Фудбалската федерација на Македонија – ФФМ во

кирилична поддршка. Називот ФФМ е поставен на основа која е претставена со линија во сина боја. На десната и левата страна од сината линија на самиот штит се наоѓаат бели линии кои го отвараат штитот врз кои има жолти одблесоци од сончевите зраци.

Печатот е во форма на круг, со амблем во средината опкружен со името Фудбалска Федерација на Македонија – Скопје, напишан на кирилица и латиница.

***Цели***

**Член 5**

Фудбалската Федерација на Македонија е основана и регистрирана заради остварување на следните цели:

- постојано подобрување и афирмација, регулирање и контролирање на фудбалскиот спорт на територија на Република Македонија во духот на фер играта и нејзините обединувачки, едукативни, културни и хуманитарни вредности, особено со помош на програмите за млади и развојните програми;

- промовирање и грижа за етичко, фер однесување и интегритет на фудбалската игра;

- го поттикнува развојот на клубскиот и репрезентативниот фудбал;

- го поттикнува и развива аматерскиот и професионалниот фудбал ;

- го поттикнува и оддржува натпреварувачкиот дух на фудбалската игра;

- го поттикнува развојот на фудбалската игра во духот на фер плеј и недискриминација по било кој основ;

- го поттикнува развојот на професионализмот на сите членки на ФФМ;

- ги координира активностите и се грижи за заштита на интересите на сите свои членки;

- упатува и врши едукација на сите членови на фудбалската организација во врска со спречување на употреба и штетност од користење на недозволени стимулативни средства;

- се грижи за заштита на интегритетот на натпреварувањето преку превземање на активности за спречување на негативните појави во фудбалскиот спорт;

- ја претставува Република Македонија во меѓународните спортски односи поврзани со фудбал во сите негови облици;

- развива соработка со останатите спортски организации во Р.Македонија;

- развива меѓународна спортска соработка и одржува постојани контакти и соработка со ФИФА, УЕФА, и останатите фудбалски асоцијации и нивните членови;

Врши следење на остварување на целите и нивна измена и дополна.

**Член 6**

За остварување на своите цели ФФМ ги превзема следните задачи:

- го организира и надгледува натпреварувањето во сите категории на фудбал во согласност со овој Статут и општите акти на ФФМ;

- нормативно ги уредува, организира и администрира фудбалските активности на територија на Р.Македонија.

- нормативно ги уредува правата и обврските на членките на ФФМ, нивниот статус , донесува правни акти и ги известува за правата, обврските кои произлегуваат од статутите на ФИФА и УЕФА;

- за поттикнување на професионалното работење ,организира и врши обука на сите учесници на фудбалската игра, како што се играчи, судии,тренери, медицински стручни лица, делегати, администратори и останати фудбалски стручни лица;

- нормативно ги уредува прашањата поврзани со статусот на клубови, играчи, тренери, судии и останати учесници во фудбалската игра и прашањата поврзани со регистрација на фудбалски организации,играчи , службени лица;

- организира меѓународни, квалификациони и пријателски натпревари на сите фудбалски национални тимови;

- создава услови за финансирање на активностите на националните тимови, на останати меѓународни фудбалски активности, на работата на телата на ФФМ и Генералниот секретаријат;

- врши контрола и ги превзема сите средства за спречување на било каков вид на активности кои би можеле да го загрозат интегритетот на еден натпревар, натпреварување или можат да доведат до злоупотреба на фудбалската игра;

- посветено работи на примена на анти-допинг мерките во фудбалскиот спорт;

- ги применува Статутот, правилниците, директивите и одлуките на ФИФА, УЕФА, како и Правилата на фудбалската игра и обезбедува нивна примена од страна на членките;

- извршува и други активности кои се од интерес на фудбалот во Република Македонија;

ФФМ изготвува програми и може да формира подружници и трговски друштва за остварување на своите цели.

За промоција на фудбалската игра, ФФМ може да организира продажба на спортска опрема, реквизити и други производи брендирани со логото на ФФМ.

***Членство во спортски организации***

**Член 7**

ФФМ е член на Македонскиот олимписки комитет и Сојузот на спортски федерации на Република Македонија.

ФФМ е полноправен член на ФИФА и УЕФА.

Со полноправно членство во ФИФА , ФФМ се стекнува на конгресот на ФИФА одржан во Чикаго на 16.06.1994 година.

Со полноправно членство во УЕФА , ФФМ се стекнува на конгресот на УЕФА одржан на 28.04.1994 година.

***Обврски од членство***

**Член 8**

ФФМ како членка на ФИФА и УЕФА се обврзува дека :

- ќе ги почитува статутите, правилниците, директивите и одлуките на ФИФА и УЕФА ;

- ќе го почитува Етичкиот кодекс на ФИФА;

- ќе ги почитува правилата на фудбалската игра на начин пропишан од ИФАБ;

- ќе учествува во работата на ФИФА и УЕФА;

- ќе учествува на натпреварувањата организирани од страна на ФИФА и УЕФА на репрезентативно и клупско ниво;

- ќе предлага свои претставници за тела на ФИФА и УЕФА;

- ја признава надлежноста на ЦАС и ќе ги почитува донесените одлуки на начин на кој е определено во статутите на ФИФА и УЕФА во согласност со позитивните законски прописи на Република Македонија;

- ќе упатува на решавање на спорови во последна инстанца до независен и непристрасен арбитражен трибунал, во арбитражна постапка доколку поинаку не е определено со позитивните законски прописи на Република Македонија;

- ќе ги почитува принципите на лојалност, интегритет и спортски дух во согласност со принципите на фер плеј;

- ќе го почитува меѓународниот фудбалски календар;

- ќе ги представува и заштитува интересите на своите клубови во меѓународните односи;

- ќе организира и ќе настапува на меѓународни фудбалски натпревари согласно правилата на ФИФА и УЕФА;

- ќе ги исполнува финансиските обврски спрема ФИФА и УЕФА;

- ќе се грижи и за други права и обврски кои произлегуваат од статутите, правилниците и одлуките на ФИФА и УЕФА;

- ќе обезбеди членките на ФФМ, клубовите, играчите, судиите, тренерите и нивните здруженија како и останатите службени лица да ги почитуваат обврските од оваа одредба преку имплементирање на истите во статутите на нивните организации.

***Неутралност и недискриминација***

**Член 9**

ФФМ е неутрална по прашања поврзани со политика и религија.

Дискриминацијата од било кој вид вклучувајќи го и говорот на омраза насочени против некоја земја, физичко лице или група на лица на сметка на етничкото потекло, пол, јазик, религија, политика или било која друга причина е строго забранета и казнива согласно Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

***Промовирање на пријателски односи***

**Член 10**

ФФМ како општествено и социјално одговорен субјект ќе промовира пријателски односи меѓу членките, клубовите, службените лица и играчите и нивна интеракција со останати општествени и социјално ранливи категории.

***Почитување на акти***

**Член 11**

Секое правно и физичко лице поврзано на било кој начин со организираниот фудбал во Република Македонија има обврска да ги почитува статутите, правилниците и други акти на ФФМ, УЕФА и ФИФА како и принципите на фер игра, лојалност, интегритет и спортско однесување.

Сите членови на органи и тела на ФФМ, службени лица при извршување на своите активности мора да внимаат на одредбите на Кодот за етичко однесување.

**Член 12**

Со цел разрешување на спорови кои може да настанат помеѓу членките, клубовите, службените лица и играчите, ФФМ воспоставува институционален начин, пропишува постапки, утврдува органи кои ќе имаат надлежност за разрешување на таквите спорови.

***Играчи***

**Член 13**

Управниот одбор на ФФМ ќе го регулира статусот на играчите согласно одредбите на Правилникот на ФИФА за статус и трансфер на играчи.

***Правила на игра***

**Член 14**

ФФМ и секоја од нејзините членки кои организираат натпреварување се натпреваруваат во согласност со Правилата на игра, издадени од ИФАБ.

Усвојувањето , измената и дополнување на Правилата на игра е во исклучива надлежност на ИФАБ.

Усвојувањето, измената и дополнување на Правилата на игра за футсал и Фудбал на плажа е во исклучива надлежност на ФИФА;

***Јазик и писмо***

**Член 15**

Службен јазик на ФФМ е македонскиот јазик.

Албанскиот јазик како службен јазик се применува во согласност со Уставот и законите на Република Македонија, останатите јазици како службени јазици се применуваат во согласност со Уставот и законите на Република Македонија.

**III. ЧЛЕНСТВО**

***Прием, суспензија, исклучување***

**Член 16**

Собранието на ФФМ одлучува за прашања поврзани со прием, суспензија и исклучување на членка.

Процедурата за прием започнува со поднесување на апликација за прием до Управниот одбор на ФФМ.

Со апликацијата , апликантот има обврска да ја достави следната документација:

- Решение за упис во Централен регистар и тековна состојба со датум на поднесување на барањето;
- Решение за вршење дејност спорт;
- Копија од статут и други донесени акти;
- Копија од записникот од последното или конститутивно собрание;
- Листа на здружени членови;
- Одлука на собранието за мотивите и целите за членство;

- Изјава за прифаќање и почитување на одлуките, директивите и актите на ФФМ, УЕФА и ФИФА дадена од апликантот и изјави дадени од неговите членови;

- Изјава за почитување на Правилата на фудбалска игра и спроведување на одлуките на ИФАБ;

- Изјава за прифаќање на надлежноста на избраниот спортски арбитражен трибунал признат од ФФМ;

- Изјава за прифаќање на надлежноста на ЦАС ;

- Изјава со која апликантот се воздржува од поднесување на тужби за решавање на спорови пред редовни судови освен во случаи каде законските решенија исклучиво упатуваат на решавање на спорови пред редовни судови.

Управниот одбор на ФФМ има право да побара и дополнителна документација во зависност од основот за влез во членство.

Управниот одбор на првата наредна седница на Генералното собрание ја доставува апликацијата и мислење во однос на поднесената апликација.

Конечна одлука за прием во членство носи Собранието на ФФМ.

**Член 17**

Собранието на ФФМ може да исклучи или да и изрече на членката суспензија.

Суспензијата на членка може да се изрече во траење од најмногу 2 (две) години.

Основ за исклучување или изрекување на суспензија може да биде:

- грубо и/или постојано кршење на одредбите на Статутот на ФФМ, непочитување на финансиските и други обврски кои произлегуваат од одлуките, директивите и актите на ФФМ, УЕФА и ФИФА ;

- поднесување на тужби од страна на членката и/или нејзините членови за решавање на спорови поврзани со спортски активности пред редовни судови освен ако таквото решавање е предвидено со законско решение согласно позитивните законски прописи на РМ без исключок;

- загрозување на единството на ФФМ;

- губење на карактеристиките кои биле неопходни за влез во членство.

Помеѓу две седници на собранието за суспензија на членка одлучува Управниот одбор на ФФМ .

Управниот одбор на ФФМ ги утврдува правните и спортските последици кои треба да ги сносат членовите на суспендираната членка.

Управниот одбор може да ја повлече суспензијата и пред одржување на седницата на Собрание доколку престанат причините за изрекување на суспензијата.

За време на суспензијата на членката и мируваат правата од членство.

**Член 18**

Членката може да поднесе барање за излегување од членство.

Барањето треба да се поднесе најдоцна 6(шест) месеци пред истекот на календарската година.

Излегувањето од членство по сопствено барање или поради исклучување не ја ослободува членката од финансиските обврски према ФФМ и другите членки на ФФМ, УЕФА и ФИФА и нивните членки.

**Член 19**

Покрај излегувањето и исклучувањето од членство , членката го губи статусот на членка и по сила на закон, со престанок на постоење на истата.

По губењето на статусот на членка, членката ги губи сите права кои ги црпи од членството во ФФМ.

**Член 20**

Членството во ФФМ се стекнува:

- врз основа на територијална припадност која може да биде општинска , градска и/или регионална;

- врз основа на припадност на определена група на фудбалски чинители.

**Член 21**

Во ФФМ можат да членуваат:

- Територијални фудбалски организации;

- Организации на фудбалски чинители.

**Член 22**

Територијалните фудбалски организации кои се здобиле со статус членка врз основ на територијална припадност во потполност се одговорни за раководењето, администрирањето и организирањето на фудбалските натпревари на својата територија.

Територијалните организации можат да бидат организирани на :

- општинско ниво, како Општински фудбалски сојузи со скратен назив ОФС;

- ниво на град Скопје, како Фудбалски сојуз на град Скопје , резултат на здружување на општински фудбалски сојузи на територија на град Скопје;

- ниво на регион, како регионални фудбалски сојузи ,резултат на здружување на општински фудбалски сојузи на територија на определен регион со скратен назив РФС.

Во РФС не може да се здружи членка која не е примена во членство на ФФМ;

Генералното собрание на ФФМ одлучува за начинот и видот на вклучување на територијалните фудбалски организации во структурата на ФФМ.

**Член 23**

Територијалните фудбалски организации ги имаат следните надлежности:

1. Ја уредуваат внатрешна организација и работа во согласност со овој статут и другите акти на ФФМ ;
2. Носат програми за развој на фудбалскиот спорт на територијата која ја зафаќаат;
3. Ги организираат и ги раководат натпреварувањата во лигите на својата територија во согласност со овој статут и актите на ФФМ;
4. Даваат мислења и предлози за прашања кои се однесуваат на работата на ФФМ;
5. Даваат предлози за измена и дополнување на Статутот и актите на ФФМ;
6. Избираат претставници за органи на својата територијална организација;
7. Учествуваат во изборот на претставници за органи на ФФМ;
8. Имаат и други надлежности определени со актите на територијалната организација во согласност со овој Статут и актите на ФФМ.

Статутите на територијалните фудбалски организации мораат да бидат во согласност со овој Статут и актите на ФФМ.

**Член 24**

Организациите кои се здобиле со статус членка врз основ на здружување на фудбалски чинители во потполност се одговорни за остварување на правата и обврските на здружените чинители.

**Член 25**

Следните организации на фудбалски чинители можат да членуваат во ФФМ:

1. Здружение на клубови од прва лига;
2. Здружение на клубови од втора лига;
3. Здружение на клубови од женски фудбал;
4. Здружение на футсал клубови;
5. Здружение на судии;
6. Здружение на тренери;

7. Здружение на фудбалери;

8. Здружение на клубови за фудбал на плажа.

Организациите на фудбалски чинители се стекнуваат со правата од членство по приемот од страна на Генералното собрание на ФФМ.

Статутите на организациите на фудбалски чинители мораат да бидат во согласност со Статутот на ФФМ.

**Член 26**

Во ОФС како основни територијални фудбалски организации членуваат клубови, организации поврзани со определена фудбалска или струка потребна за унапредување на фудбалскиот процес.

Во РФС и град Скопје како територијалните фудбалски организации членуваат ОФС со своите клубови, организации поврзани со определена фудбалска струка или струка потребна за унапредување на фудбалскот процес.

**Член 27**

ОФС црпи права и има обврски од членство доколку :

- има организирано општинска фудбалска лига со најмалку 6 (шест) клуба во машка или женска конкуренција;

- во структурата има организација на фудбалски судии со најмалку 10 судии;

- во структурата има организација на фудбалски тренери со најмалку 6 тренери кои се стекнале со лиценца согласно актите на ФФМ;

- ги исполнува сите просторни, технички и кадровски услови утврдени со актите на ФФМ.

***Фудбалски клубови***

**Член 28**

Фудбалскиот клуб е основна фудбалска организација која може да биде аматерска и/или професионална и се занимава со фудбалскиот спорт поради остварување на натпреварувачки резултати и други спортски интереси.

Фудбалскиот клуб е правно лице кое може да биде основано од правни или физички лица, се основа како спортска организација согласно позитивните законски прописи и по својот облик може да биде здружение или вид на трговско друштво.

Фудбалски клуб се основа со акт за основање согласно закон преку упис во регистар кој се води кај надлежен државен орган.

**Член 29**

Фудбалските клубови се индиректни членови на ФФМ, во членство на ФФМ влегуваат со чинот на регистрација во Општинскиот фудбалски сојуз каде територијално припаѓаат и објава на регистрацијата во службениот лист на ФФМ „Макфудбал" согласно актите на ФФМ.

За да црпат права од членство, фудбалските клубови имаат обврска да земат активно учество во организираните натпреварувања во фудбалската организација на ФФМ.

**Член 30**

Активното учество во организираните натпреварувања во фудбалската организација на ФФМ му овозможува на клубот да земе учество и во организираните меѓународни натпреварувања преку освоени спортски резултати и дополнителни критериуми предвидени со актите на ФФМ.

**Член 31**

За фудбалски клуб во врска со одредбите на член 50 од овој Статут се смета клуб чија сениорска екипа се натпреварува во постојано натпреварување на ФФМ или клуб кој со најмалку 2 (две) екипи од млади категории активно се натпреварува во постојано натпреварување на ФФМ најмалку 3(три) натпреварувачки сезони во континуитет.

Под млади категории во смисла на претходниот став се сметаат: младинци, кадети, пионери, помлади пионери, петлиња.

**Член 32**

Организацијата и функционирањето на фудбалскиот клуб се определува со статутот и правилниците на клубот кои мораат да бидат во согласност со овој Статут и актите на ФФМ, УЕФА,ФИФА и позитивните законски прописи на Република Македонија.

Играчите и службените лица на клубот се регистрираат согласно актите на ФФМ во Општинскиот фудбалски сојуз каде клубот територијално припаѓа при што доставуваат писмена изјава дека ги прифаќаат актите на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

***Стручни струкови фудбалски организации***

**Член 33**

Фудбалските стручни лица и стручните лица во фудбалот заради уредување на стручни прашања и остварување на прашања од заеднички интерес во рамките на територијалните фудбалски организации можат да се здружуваат во стручни организации поврзани со струката.

Овие стручни струкови организации посебно се занимаваат со стручни прашања поврзани со фудбалот и фудбалската игра кои може да се однесуваат на судии и

судење, тренери и тренерска работа, прашања од областа на спортската медицина, анти-допинг, безбедност и останати прашања поврзани со фудбалската игра.

Стручните струкови организации немаат својство на правни лица и за разлика од организациите на фудбалски чинители својата функција ја обавуваат на локално/регионално ниво и се составен дел од фудбалската територијална организација.

Стручната-струкова фудбалска организација се грижи за селекција и обука на стручни лица од својата област во согласност со целите на територијалната фудбалска оганизација и ФФМ.

Обуката на стручните лица за вршење активности од струката на територија на РМ се врши под надзор на ФФМ.

Индивидуалните и заеднички цели се остваруваат преку учество на стручните лица во активностите на територијалната организација и ФФМ.

Стручните струкови организации имаат свои акти кои треба да бидат во согласност со позитивните законски прописи, актите на територијалната организација, ФФМ, УЕФА и ФИФА и ги одобруваат Управните одбори на територијалната организација.

Стручните струкови организации поднесуваат апликација за членство во територијалната организација, апликацијата се поднесува на формулар пропишан од ФФМ за секоја струка одделно и треба да биде поддржана од најмалку:

- 10 судии за струкови организации поврзани со судии и судење;
- 6 тренери за струкови организации поврзани со стручна тренерска работа;
- 3 медицински стручни лица за струкови организации од областа на медицина и анти-допинг.

Членството на спортските фубалски работници го уредува територијалната фудбалска организација во согласност со Правилник донесен од УО на ФФМ и останатите акти на ФФМ.

Членовите на стручните струкови организации за судии и судење и стручна тренерска работа регистрирани во територијалните организации можат да се здружуваат на национално ниво во Организации на фудбалски чинители.

***Здруженија на клубови***

**Член 34**

ФФМ им овозможува на клубовите од Прва МФЛ, Втора МФЛ, Женски фудбал, Футсал, заради остварување на заеднички активности од интерес на клубовите ,

градење на ставови и мислења и вршење на делегирани работи поврзани со натпреварувањето, да формираат здруженија.

Здруженијата на клубови се субординирани во однос на ФФМ.

Здруженијата на клубови имаат обврска да ги следат насоките, препораките и директивите дадени од страна на ФФМ.

ФФМ со посебен акт ќе ги регулира правата, обврските и надлежностите на здруженијата на клубови вклучително и начинот на усвојување на измените и дополнувањата на статутите, усвојувањето на други акти, правилници, пропозиции.

***Базичен фудбал/грасрут***

**Член 35**

Базичниот фудбал претставува фудбал кој не е врвен и професионален независно од видот на фудбалската игра, димензии на игралиштето, способноста, полот и возраста на играчите, расната, верска и национална припадност.

Базичниот фудбал ги вклучува активностите од областа на детскиот фудбал, училишниот фудбал , женскиот фудбал, фудбалот за ветерани, фудбал за лица со посебни потреби и др.

Базичниот фудбал ја промовира едукативната и воспитна функција на спортот, фер плејот, разбирањето, толеранцијата и одговорноста преку занимавање со спорт.

ФФМ му посветува посебно внимание на Базичниот фудбал преку програми за вклучување на целните групи и организирање на натпреварување во детски и училишен фудбал.

За активностите поврзани со базичниот фудбал секоја територијална фудбалска организација во соработка со УО на ФФМ, назначува координатори кои ја спроведуваат програмата, плановите и календарот на активности усвоен од УО на ФФМ.

***Права и обврски од членство***

**Член 36**

Членките на ФФМ имаат право:

- да бидат повикани согласно воспоставена процедура, да учествуваат во работата на Собранието и преку свои избрани претставници-делегати на Собранието на ФФМ да го остваруваат своето право на глас;

- да даваат предлози за дневен ред за седница на Собранието;

- да предлагаат кандидати за органите и телата на ФФМ;

- да бидат информирани за активностите и работата на ФФМ преку телата на ФФМ и службениот лист на ФФМ „Макфудбал";

- да учествуваат во натпреварувањата и/или други активности кои ги организира ФФМ;

- да ги остваруваат сите останати права кои произлегуваат од овој Статут, правилниците, одлуките и другите акти на ФФМ.

Начинот на извршување на овие права е предмет на понатамошно регулирање со одредбите на овој Статут.

**Член 37**

Членките на ФФМ ги имаат следните обврски:

- во потполност да се придржуваат и ги почитуваат Статутот, правилниците, одлуките на ФФМ, УЕФА и ФИФА и да гарантираат дека нивните членови , клубовите, играчите, судиите, тренерите и нивните организации како и останатите службени лица ќе ги почитуваат обврските од оваа одредба преку имплементирање на истите во нивните статути;

- да ги почитуваат правилата на фудбалската игра на начин пропишан од ИФАБ;

- да усвојат статутарна одредба со која ја признаваат надлежноста на ЦАС во случај на спор и ќе ги почитуваат донесените одлуки на начин определен во статутите на ФИФА и УЕФА и позитивните законски прописи на Република Македонија;

- да усвојат статутарна одредба со која ќе ја признаат надлежноста на независен и непристрасен арбитражен трибунал признаен од ФФМ и со која ќе се обврзат и ќе ги обврзат своите членови, споровите од спортска природа да не ги поднесуваат на решавање пред редовните судови во согласност со позитивните законски прописи на Република Македонија;

- да ги решаваат сите евентуални недоразбирања во рамките на фудбалската организација преку дијалог и решенија кои се во интерес на фудбалот на територија на Република Македонија;

- да водат регистар на членови, регистарот редовно да го ажурираат и по барање да го доставуваат до Генералниот секретаријат на ФФМ;

- да се грижат и ги штитат интересите на ФФМ и се воздржуваат од било какви активности спротивни на интересите на ФФМ;

- да ги почитуваат принципите на лојалност, интегритет и спортски дух во согласност со принципите на фер плеј;

- да ја одржуваат спортската активност и да учествуваат во натпревари и/или настани организирани од страна на ФФМ или нејзините членки;

- да известуваат за промена на своите акти;

- да ги исполнуваат во целост финансиските обврски према ФФМ;

- да гарантираат целосна независност на текот на изборите за управен орган и изборот и именувањето на членови на останатите тела;

- да ја информираат ФФМ во писмена форма, за датумот и местото на одржување на седница на Собранието и да побараат присуство на овластен претставник од ФФМ, најмалку 10 (десет) дена пред денот на одржување на собранието;

- да не одржуваат било какви односи и активности од спортска природа со субјекти кои не се признаени, се исклучени или се под суспензија;

- да учествуват во работата на Собранието на ФФМ, бираат или предлагаат делегати за Собранието на ФФМ;

- да учествуваат во процесот на донесување одлуки на Собранието на ФФМ и останатите органи и тела на ФФМ;

- да не дозволуваат дискриминација од било каков вид против земја, приватни лица или група на лица врз основ на етничко потекло, раса, пол, јазик, религија, политика или друга причина;

- да ја информираат ФФМ пред стапување во директна комуникација со УЕФА и ФИФА ;

- да ги усогласуваат своите статути и други акти со Статутот и актите на ФФМ;

- донесените одлуки да ги евидентираат со број и датум во посебна книга на одлуки независна од деловодната книга која ќе ја доставуваат до ФФМ 15(петнаесет) дена по завршување на календарската година за претходната година;

- да внесат статутарна одредба со која на Управниот одбор на ФФМ му признаваат овластувања за отпочнување постапка за превземање на мерки за исполнување на одредби на Статутот;

- да се грижат и за други права и обврски кои произлегуваат од статутот, актите и одлуките на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

Непочитување на погоренаведените обврски можат да доведат до изрекување на дисциплински мерки согласно овој Статут и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Одлуките донесени од тела кои не се избрани на пропишаниот начин немаат правно дејство и не се признаваат во рамките на фудбалската организација.

***Заеднички одредби од членство***

**Член 38**

Членките на ФФМ и нивните членови имаат обврска да внимаваат на интегритетот на натпреварувањето.

Ниту едно правно и/или физичко лице ( вклучувајќи ги и подружниците и групациите односно поврзаните друштва) не смее да има контрола над повеќе од еден клуб, а со цел да се спречи доведувањето во опасност интегритетот на поединечен натпревар и/или натпреварувањето.

**Член 39**

Клубовите во исто време не можат да бидат директни членки на повеќе од една територијална фудбалска организација на ФФМ.

**Член 40**

Членките на ФФМ не можат во исто време да бидат директни членки и на друга фудбалска асоцијација- членка на УЕФА и ФИФА.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА

***Органограм - Органи и тела***

**Член 41**

Органи и тела на ФФМ се:

**1. Генерално собрание** - највисок статутарен колегијален орган;

1.1 Надзорен одбор – тело на собрание ;

1.2. Комисија за избори и верификување - тело на собрание;

**2. Претседател -** највисок статутарен инокосен орган;

**3. Управен одбор** - Извршен статутарен колегијален орган;

3.1 Одбор за итност –тело на УО;

3.2 Постојани комисии и одбори – консултативни тела на УО;

3.3 Ад-хок комисии – консултативни тела на УО;

**3.4 Тела за лиценцирање на ФФМ:**

3.4.1 Комисија за лиценцирање;

3.4.2 Комисија за жалби за лиценцирање;

**4 . Правни статутарни органи**:

4.1 Дисциплински инспектор;

4.2 Дисциплинска комисија;

4.3 Етички одбор;

4.4 Комисија за жалби;

**5. Генерален секретаријат -** Административно тело.

**Член 42**

Органите на ФФМ се избираат односно назначуваат во пропишана постапка без влијание на надворешни трети лица.

Кандидати за орган или тело на ФФМ предлагаат членките на ФФМ и/или Претседателот на ФФМ и/или Управниот одбор на ФФМ.

Сите членови на органите и телата на ФФМ имаат обврска при вршењето на функцијата да се придржуваат на етичките начела на ФФМ и ФИФА .

Членовите на органите и телата на ФФМ имаат обврска да се изземат од гласање секогаш кога се носи одлука по прашање по кое постои или може да се појави судир на интереси.

Сите членови на органи и тела на ФФМ се бираат со мандат од 4( четири) години вклучително и менаџерската структура на Генералниот секретаријат.

Членовите на органите и телата на ФФМ имаат право на еден глас со исклучок како во одредбите на овој Статут.

Во процесот на одлучување на органите и телата на ФФМ не е дозволено гласање преку ополномоштено лице.

Во процесот на одлучување на определени тела уреден со понатамошните одредби на овој Статут, дозволено е гласање преку конференциска врска .

Член на еден статутарен орган не може за времетраење на мандатот да биде член на Телата за лиценцирање.

Член на еден статутарен орган не може за времетраење на мандатот да биде член и на друг статутарен орган со исклучок како во одредбите на овој Статут.

***Општи одредби за избор на членови***

**Член 43**

Кандидатот за Претседател, член на орган или тело на ФФМ мора кумулативно да ги исполнува следните услови:

1. Да е државјанин на Република Македонија најмалку 10 години;

2. Да е целосно деловно способен и да има наполнето најмалку 18 години;

3. Активно да учествува во активностите на фудбалската организација како нејзин член;

4. Во периодот на избор да не е суспендиран, и да не издржува мерка забрана на вршење функција, изречена или потврдена од орган на ФФМ, УЕФА и ФИФА;

5. Да не е исклучен од членство.

Покрај наведените услови кандидатите за Претседател на ФФМ и членови на Управен одбор на ФФМ, треба да доставаат и потврда за неосудуваност за кривични дела за кои се изрекува казна затвор во траење подолго од 6(шест) месеци.

Управниот одбор може да определи дополнителни критериуми за членство во постојаните и ад-хок комисии.

**Член 44**

Во рок од 3 (три) работни дена по назначувањето, Претседателот, членовите на статутарните органи, телата на собранието и лиценцните тела треба да доставаат до Генералниот секретаријат писмена изјава со која се обрзуваат да:

- ги почитуваат и се придржуваат на статутите, правилниците и одлуките на ФФМ, УЕФА и ФИФА;

- ги почитуваат Правилата на игра на ИФАБ и Етичкиот кодекс на ФФМ и ФИФА;

- ја вршат функцијата имајќи го во предвид најдобриот интерес на ФФМ и се воздржуват од носење на одлуки во случаи каде има или може да се појави конфликт на интереси;

- ги почитуваат принципите на лојалност и интегритет и однесување во духот на фер плеј;

- ја избегнуваат дискриминација од било каков вид и основ наведен во одредбите на овој Статут;

- ја признаваат исклучивата надлежност на ЦАС во Лозана;

- ја признаваат надлежноста на арбитражниот суд признаен од ФФМ.

Член на орган и тело на ФФМ, нема да учествува во работата на седницата на тој орган односно тело, во случај кога како точка на дневен ред се разгледува односно одлучува по:

- предлог за покренување на постапка против него или се одлучува за отфрлање на предлогот за истото;

- предмет во кој е странка во постапка;

- доколку постои судир на интереси.

## IV.1. ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

### Член 45

Генералното собрание е највисок статутарен орган на ФФМ.

Генералното собрание работи на седници.

Седниците на Генералното собрание можат да бидат редовни и вонредни.

Редовните седници се свикуваат еднаш во тековната година.

Вонредните седници се свикуваат под услови определени со овој Статут.

### Член 46

Седниците на Генералното собрание ги свикува Управниот одбор на ФФМ .

Со седниците на Генералното собрание претседава Претседателот на ФФМ.

Во случај на отсуство на Претседателот, со седниците претседава најстариот делегат од редот на делегатите на Генералното собрание.

Вонредна седница на Генералното собрание може да свика Управниот одбор на ФФМ или членките на ФФМ под услови определени со овој Статут.

### Член 47

Собранието го сочинуваат делегати-претставници на членките на ФФМ.

Структурата на делегатите е определена со одредбите на овој Статут.

Работата на Генералното собрание се уредува со Деловник за работа.

Деловникот на Генералното собрание се усвојува со мнозинство од присутните делегати.

### Член 48

На седниците на Генералното собрание покрај делегатите како представници на членките и членовите на Комисијата за избори и верификување, присуствуваат и: членовите на Управниот одбор, Генералниот секретар на ФФМ, почесни членови и претседатели, лица определени од страна на Управниот одбор и гости кои немаат право на глас.

### Член 49

Генералното собрание може да го овласти Управниот одбор како извршен орган по определени прашања во периодот помеѓу две седници на Собранието да носи одлуки во негово име.

Одлуките донесени на начин опишан во претходниот став се разгледуваат на дневен ред на првата наредна седница на Генералното собрание, истите се усвојуваат или укинуваат.

Укинатите одлуки не произведуваат правно дејство од моментот на укинување.

***Структура на делегати на собрание***

**Член 50**

Бројот на делегатите на собранието се утврдува во зависност од структурата на територијалните фудбалски организации и бројот на членки кои доаѓаат од организациите на фудбалските чинители.

Општинските фудбалски сојузи ,како основни територијални фудбалски организации, во структурата на собранието се застапени со најмалку еден делегат.

Бројот на делегати по ОФС се зголемува во зависност од бројот на активно вклучени клубови во системот за натпреварување согласно член 31 од овој Статут, и тоа, секој ОФС како член на РФС кој брои:

- од 11 до 15 клуба добива уште 1 (еден)делегат;
- од 16 до 20 клуба добива уште по 1(еден) делегат;
- од 21-30 клуба дополнително добива уште по 1 делегат;

Доколку во составот на РФС има ОФС во кое активно се вклучени повеќе од 31 клуб, тие ОФС дополнително се стекнуваат со правото да делегираат уште 1(еден) делегат.

Дополнителните делегати од став 3(три) и 4 (четири) на овој член ги избира Управниот одбор на РФС по предлог листи на оние општински фудбалски сојузи здружени во РФС, кои се стекнале со правото на дополнителни делегати.

**Член 51**

Територијалните фудбалски организации определуваат листа на заменици делегати чиј број е идентичен на бројот на избраните делегати.

Мандатот на заменициte делегати го утврдува Комисијата за избори и верификување, согласно редоследот на добиената листа од предметната територијална фудбалска организација .

Во случај на престанок на мандат на делегат на собрание согласно одредбите од член 99 на овој Статут, по верификување од страна на Генералното собрание, мандатот го доршува заменик делегатот, согласно став 2 (два) од овој член.

**Член 52**

Организациите на фудбалските чинители во структурата на Генералното собрание учествуваат на следниот начин:

1. Здружение на клубови од Прва МФЛ со 2 делегати;
2. Здружение на клубови од Втора МФЛ со 2 делегати;
3. Здружение на фудбалери со 1 делегат;
4. Организација на тренери со 1 делегат;
5. Организација на судии со 1 делегат;
6. Организација за женски фудбал со 1 делегат;
7. Организација за футсал со 1 делегат;
8. Организација за фудбал на плажа со 1 делегат.

Организациите на фудбалските чинители определуваат листа на заменици делегати чиј број е идентичен на бројот на избраните делегати.

Мандатот на заменициte делегати го утврдува Комисијата за избори и верификување, согласно редоследот на добиената листа ,односно го утврдува заменикот делегат, на организациите кои имаат еден делегат.

Во случај на престанок на мандат на делегат на собрание согласно одредбите на овој статут ,по верификување од страна на Генералното собрание, мандатот го доршува заменик делегатот согласно претходниот став од овој член.

**Член 53**

Бројот на мандатите во Генералното собрание се утврдува на изборното собрание и истиот е константен за време на еден изборен циклус од 4 години.

Бројот на мандатите може да се зголеми односно намали во следните случаи:

- Прием на нова членка;
- Исклучување на членка;

При исцрпување на листата на делегати за замена , истата не се надополнува.

На членката под суспензија за времетраење на суспензијата и мирува правото на учество во работатата во собранието.

***Ограничувања  со вршење други функции***

**Член 54**

Делегатите на  Генералното собрание за времетраењето на мандатот не можат во исто време да бидат членови на Надзорниот одбор  и лиценцните тела на ФФМ.

Делегатите на  Генералното собрание за времетраењето на мандатот не можат во исто време да бидат членови на друг статутарен орган на ФФМ  со исклучок утврден во овој Статут.

**Член 55**

Делегатите на собранието  имаат право да бидат бирани за членови на постојани и ад-хок тела на статутарните органи.

**Член 56**

Судиите и контролорите кои активно  вршат функција, судија и контролор, можат да ја вршат и функцијата делегат на собрание на ФФМ  преку соодветното здружение на фудбалски чинители или  преку ОФС доколку  ја извршуваат  функцијата Претседател на ОФС.

**Член  57**

Делегат на собрание  не може да биде лице вработено во административниот орган  за времетраење на договорот за вработување со исклучок како во одредбите на овој статут.

***Надлежност***

**Член 58**

Генералното собрание на ФФМ ја има следната надлежност:

1. Одлучува за измени и дополнувања на Статутот и одлуките на Собранието;

2. Одлучува за измена и дополна на целите на ФФМ;

3. Одлучува за внатрешна организација и организациони форми;

4. Одлучува за статусни промени;

5. Го усвојува  Деловникот за работа на Собранието и измени и дополнувања на истиот;

6. Одлучува за  усвојување на Правилник за избори и верификација и измени и дополнувања на истиот;

7. Одлучува за усвојување, измени и дополнувања на правилата за работа на Надзорниот орган;

8. Одлучува за промена на систем за натпревари;

9. Донесува одлука за усвојување на финансиски план (буџет)на ФФМ;

10. Ја усвојува завршната сметка на ФФМ и одлучува за распоредување на вишок на приходи и покривање на загуби;

11. Го усвојува извештајот за работа на Претседателот и Управниот одбор;

12. Ги усвојува извештаите за работа на другите статутарни тела;

13. Го усвојува извештајот на независниот ревизор;

14. Го усвојува записникот на собранието од претходна седница, доколку истиот не е усвоен на друг начин предвиден со овој Статут;

15. Го усвојува, менува и/или дополнува дневниот ред за предметната седница;

16. Назначува 3(тројца) делегати од 3(три) членки за верификување на записникот на собранието;

17. Назначува записничар и лица за броење на гласови од редовите на Генералниот секретаријат;

18. Одлучува за избор и доверба на Претседател и Управен одбор на ФФМ;

19. Одлучува за разрешување на членови на Управен одбор на ФФМ;

20. Одлучува за избор и разрешување на членови на Надзорен орган на ФФМ;

21. Одлучува за избор и разрешување на членови на Правни органи на ФФМ;

22. Одлучува за избор и разрешување на членови на Комисија за избори и верификација на ФФМ;

23. Избира овластена Ревизорска куќа;

24. Одлучува за прием,суспензија и исклучување на членка;

25. Одлучува за здружување и статус на здружени членки;

26. Одлучува за начинот на вклучување на здружените територијалните фудбалски организации во структурата на ФФМ.

27. Одлучува за именување лица со посебни заслуги и именување на почесен член и почесен претседател по предлог на УО;

28. Утврдува програма за развој и унапредување на фудбалскиот спорт во Република Македонија;

29. Врши анализа на условите за распуштање на ФФМ и носи соодветна одлука за истото;

30. Одлучува и за други прашања од својата надлежност согласно одредбите на овој Статут и позитивните законски прописи;

31. Одлучува по барања на членките во согласност со актите на ФФМ;

32. Може да го овласти Управниот одбор на ФФМ да одлучува по прашања од негова надлежност.

**Член 59**

Собранието одлучува за измена и дополнување на Статутот .

Членките на ФФМ и Управниот одбор на ФФМ може да поднесат писмен предлог за измена и/или дополнување на Статутот.

Предлогот со образложение се поднесува во писмена форма до Генералниот секретаријат.

Предлогот поднесен од членка на ФФМ, треба да биде поддржан од најмалку 1/3 од вкупниот број на членки.

Предлогот се става на дневен ред на наредната седница на Собранието и истиот се усвојува доколку го поддржат 2/3 од присутните делегати.

***Начин на одлучување на собранието, кворум и мнозинство***

**Член 60**

Членките на ФФМ, правото на глас во Собранието го остваруваат преку избраните претставници – делегати.

Секој делегат има право на еден глас и не може да претставува повеќе од една членка на Собранието.

Почесен член и почесен претседател може да учествува во работата на Собранието без право на глас.

**Член 61**

Собранието може полноважно да заседава доколку го има потребниот кворум за работа.

Основно правило за полноважно заседавање на собранието е да има кворум односно на седницата да се присутни повеќе од половината од делегатите кои ги претставуваат членките на ФФМ.

Исклучок од основното правило за мнозинство за работа на собранието се прави доколку на дневен ред на седницата на собранието се постават следните точки:

- измени и дополнувања на Статутот;
- доверба на Претседател и Управен одбор;
- исклучување на членка;
- анализа на условите за распуштање и распуштање на ФФМ.

За измена и дополнување на Статутот; доверба на Претседател и Управен одбор; исклучување на членка; анализа на условите за распуштање и распуштање на ФФМ , потребно е присуство на 2/3 од вкупниот број на делегати кои ги претставуваат членките на ФФМ.

Доколку собранието го нема потребниот кворум за работа, на истото не може да се одлучува за точките од дневен ред за кои е потребно присуство на 2/3 од вкупниот број на делегати.

Суспензија на членка или исцрпувањето на листата на делегати по било кој основ не влијае на вкупниот број на утврдени мандати верификувани на изборното собрание.

**Член 62**

Основно правило е Собранието одлуките да ги носи со мнозинство од присутните делегати.

Исклучок од основното правило за донесување на одлуки е гласањето по подолунаведените точки на дневниот ред, за чие усвојување потребно е квалификувано мнозинство од 2/3 од присутните делегати и тоа:

- измени и дополнувања на Статутот;
- избор на Претседател во прв круг ;
- исклучување на членка;

За усвојување на точките на дневен ред: доверба на Претседател и Управен одбор и анализа на условите за распуштање и распуштање на ФФМ,потребно е квалификувано мнозинство од 2/3 од вкупниот број на делегати кои ги претставуваат членките.

**Член 63**

Собранието одлуките може да ги носи јавно или тајно.

Јавното гласање се спроведува со кревање рака или со употреба на систем за гласање.

Доколку по спроведувањето на изјаснувањето по определена точка на дневен ред не може јасно да се утврди мнозинството, гласањето ќе се изврши поединечно со прозивка по азбучен ред на називот на членката.

Воздржаните гласови не се земаат во предвид при пресметување на мнозинство за одлучување и заедно со гласовите „против" се евидентираат во записникот од собранието.

Со Деловник за работа на собранието дополнително се уредува начинот на гласање.

***Начин на одлучување на избори***

**Член 64**

Изборите во ФФМ можат да се спроведат по два изборни модела.
- по позиција
- по листа

***Избор на Претседател***

**Член 65**

Изборот на Претседател на ФФМ се врши по позиција.

Кога за функцијата Претседател има само една кандидатура, Претседателот може да се избере со акламација и/или мнозинство од вкупниот број на присутни делегати.

Кога се избира Претседател помеѓу два и повеќе кандидати, за избор во првиот круг потребно е 2/3 квалификувано мнозинство од присутните делегати.

За избор во вториот или секој нареден круг, изборот е извршен доколку за кандидатот се изјасниле повеќе од половината од присутните делегати.

Доколку изборниот процес е нужно да се одвива во повеќе кругови а ниеден кандидат не го освоил потребното мнозинство на гласови , во секој нареден круг кандидатот со најмал број на гласови отпаѓа од изборната трка, кандидатот што останал е избран за Претседател.

***Избор на Управен одбор***

**Член 66**

Управниот одбор на ФФМ во календарската година која и претходи на изборната , носи одлука по кој изборен модел ќе се спроведат претстоечките избори за членови на Управен одбор.

**Член 67**

Изборот на членови на Управниот одбор може да се направи и по листа.

Кандидатите се предлагаат, од категории на членки на посебни листи.

Собранието гласа по секоја листа поединечно.

Избрани членови на Управниот одбор се кандидатите кои освоиле најголем број на гласови на листите редоследно.

При еднаков број на добиени гласови за едно место се применуваат Правилата за избор по кругови како во одредбите за избор на кандидати по позиција.

Бројот на листите и начинот на предлагање на кандидати е утврден со одредбите на член 96 од овој Статут.

**Член 68**

Кога изборот на Управниот одбор се прави по позиција , кандидатската листа може да има еднаков број на кандидати со бројот на предвидени места во УО или поголем.

**Член 69**

При поголем број на кандидати на кандидатската листа од предвидените места, кандидатите кои во првиот круг освоиле повеќе од половината од гласовите на присутните делегати стануваат избрани членови на УО согласно бројот на освоени гласови.

Доколку по првиот круг останат непотполнети позиции, во вториот круг кандидатот со најмал број на гласови отпаѓа од изборната трка ,изборот се врши под истите критериуми за избор како во првиот круг.

Кандидатите кои учествуваат во третиот круг се бираат редоследно во зависност од освоениот број на гласови и слободните позиции.

**Член 70**

Доколку новоизбраните членови на УО не поседуваат стручни и/или родови квалификации утврдени како услов во позитивните законски прописи и/или прописите на УЕФА или ФИФА, членките на ФФМ во рок од 8(осум) работни дена ,по завршување на седницата на Генералното собрание на која е избран Управниот одбор, доставуваат предлози за дополнителни членови на УО кои ги исполнуваат бараните услови.

Изборот на дополнителните членови го врши Управниот одбор со просто мнозинство од вкупниот број на членови на УО.

***Избор на други статутарни органи***

**Член 71**

Изборот на Правните органи, Надзорниот одбор, Комисијата за избори и верификување се врши по предлог листа на Управниот одбор.

При спроведување на изборниот процес, гласањето за избор на тела се одвива јавно со кревање рака.

***Постапка за свикување, подготовка и одржување на седница***

***Редовна седница***

**Член 72**

Управниот одбор со одлука го определува местото и датумот на одржување на редовните седници на Генералното собрание .

Собранието одржува редовни седници еднаш во текот на една календарска година.

Редовната седница на Генералното собрание треба да се одржи во рок од 6(шест) месеци по завршување на финансиската година.

**Член 73**

Материјалите потребни за одржување на седницата ги подготвува Управниот одбор во соработка со надлежните тела на ФФМ и Генералниот секретаријат на ФФМ.

Поканата за седницата на Собранието на ФФМ се упатува до членките на ФФМ на нивната официјална адреса најдоцна 30 (триесет) дена пред закажаниот термин за одржување на седницата.

Членката на ФФМ, поканата за седница на Собранието на ФФМ како и сите други материјали поврзани со одржување на Генералното собрание ги доставува до делегатите кои ги избрала да ја претставуваат.

Администрацијата на секоја членка го потврдува доставувањето на поканата и сите други материјали до нејзините делегати со уредно заверен допис испратен до Генералниот секретар на ФФМ.

Членките на ФФМ имаат право да достават образложени предлози за дневен ред до Генералниот секретар најдоцна 20 (дваесет) дена пред закажаниот термин за одржување на седницата.

Управниот одбор го утврдува дневниот ред и материјалите за седницата на собранието.

Материјалите со утврдениот дневен ред се испраќаат до членките на ФФМ најдоцна 10 (десет) дена пред одржување на седницата.

***Дневен ред***

**Член 74**

Седницата на собранието ја отвара Претседателот на ФФМ .

Дневниот ред за редовна седница на Собранието на ФФМ содржи подготвителен и работен дел.

Подготвителниот дел за работа на седницата содржи:

1. Утврдување на кворум односно Извештај на Комисија за избори и верификување;
2. Назначување записничар и лица за броење на гласови;
3. Информација за предлог измени и дополнувања на Деловникот за работа на собранието (доколку е применливо);
4. Информација за добиени предлози за дополнување на дневниот ред (доколку е применливо);
5. Усвојување на предлог дневниот ред;

Работниот дел на седницата содржи:

1. Усвојување на записник на собранието од претходна седница (ако е применливо);
2. Избор на тројца делегати за верификување на записникот на собранието;
3. Усвојување на ревизорски извештај;
4. Избор на независна ревизорска куќа ( ако е применливо);
5. Усвојување на завршната сметка на ФФМ (и распоредување на вишок на приходи и покривање на загуби ако е применливо);
6. Усвојување на финансиски план (буџет)на ФФМ ;
7. Усвојување на извештајот за работа на Претседателот и Управниот одбор;
8. Усвојување на извештаите за работа на другите статутарни тела;
9. Прием,суспензија, исклучување на членка (доколку е применливо);
10. Измени и дополнување на статут и други акти од надлежност на Генералното собрание (доколку е применливо);
11. Разно – прашања на делегати, барања од членки.

Дневниот ред содржи и други точки кои третираат прашања од надлежност на собранието.

Доколку редовното Генерално собрание е и изборно собрание или на редовната седница има предлог за именување и/или разрешување на член на орган или тело, дневниот ред содржи и:

1. Избор на Претседател на ФФМ;
2. Избор на членови на Управен одбор на ФФМ;
3. Избор на членови на Надзорен одбор на ФФМ;
4. Избор на членови на Правни органи на ФФМ;
5. Избор на членови на Комисија за избори и верификација на ФФМ;
6. Доверба односно разрешување на членови на соодветните органи;

**Член 75**

Во случај да на дневен ред има суспензија или исклучување на членка, оваа точка на дневен ред се разгледува како прва точка по усвојување на дневниот ред на собранието.

**Член 76**

Барањето за прием во членство, се разгледува како последна точка на дневниот ред.

**Член 77**

Собранието се произнесува со одлука исклучиво по точките на дневниот ред.

Предложениот дневен ред може да се измени на самата седница на Собранието, по завршување на подготвителниот дел, на предлог на делегат на Собранието поддржан од најмалку 2/3 од присутните делегати.

***Вонредна седница***

**Член 78**

Управниот одбор на ФФМ може да свика вонредна седница во секое време.

Подготовката за вонредната седница свикана од Управниот одбор , дневниот ред и материјалите ги подготвува Управниот одбор со надлежните тела и Генералниот секретаријат согласно одредбите на овој статут.

**Член 79**

Членките на ФФМ можат да упатат барање до Управниот одбор за свикување на вонредна седница на собранието со утврден дневен ред, доколку барањето е поддржано најмалку од 1/3 од членките.

Критериумот за поддршка на барањето се утврдува со :

- изјава од секој делегат во која е јасно изразена волјата за поднесеното барање и дневниот ред заверена на нотар;

- одлука донесена од Собранието на членката потпишана од овластено лице;

По добивањето на писменото барање кое може да биде доставено преку архивата на ФФМ или со препорачана пратка Претседателот на ФФМ свикува итна седница на Управниот одбор и во рок од 8(осум) дена од приемот, треба да донесе одлука и закаже одржување на вонредна седница со предложениот дневен ред кој не може да се менува.

За вака свиканата седница, членките на ФФМ се информираат и поканувaат во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на поднесување на барањето за вонредна седница .

Со поканата до членките се доставува и дневниот ред и материјалите.

Вонредната седница треба да се одржи најдоцна во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

Доколку Управниот одбор не утврди исполнетост на критериумите од став 1 и 2 на овој член барањето ќе го одбие со одлука.

Барањето за вонредна седница на Собранието уредено со одредбите на овој член може да се поднесе најрано по истекот на 6(шест) месеци од одржување на последната седница на Собранието.

**Член 80**

Доколку Управниот одбор не донесе одлука согласно член 79 од овој Статут, членките имаат право да ја закажат седницата со истиот дневен ред самостојно.

При самостојно закажување на вонредната седница членките мораат да ја известат УЕФА и ФИФА за закажаната седница.

***Записник***

**Член 81**

Записникот го води лице назначено од Генералниот секретар.

Делегатите назначени за верификација, записникот го верификуваат по неговото изготвување.

Записникот може да се достави до членките во рок од 90(деведесет) дена од одржувањето на седницата на Генералното собрание.

Доколку во рок од 30(триесет) дена од доставувањето на записникот до членките, не приговори ниедна членка, истиот ќе се смета за усвоен.

Записникот кој нема да се достави до членките во рокот наведен во оваа одредба или по кој има приговори ќе се стави на дневен ред на усвојување на наредната седница на собранието.

**Член 82**

Одлуките на собранието стапуваат на сила веднаш, освен ако со одредбите на овој Статут или со одлука на собранието не се определи поинаку.

### *IV.1.1 Надзорен одбор*

**Член 83**

Надзорниот одбор е колегијален орган, составен од 5 члена од кои еден претседавач и еден заменик претседавач.

Изборот на членовите на одборот го врши Генералното собрание на предлог на Управниот одбор на ФФМ.

За полноважно одлучување на Одборот потребно е присуство на повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одборот одлуките ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови.

**Член 84**

Претседавачот и заменик претседавачот на Надзорниот одбор треба да поседуваат стручни знаења од областа на правото односно финансиите .

**Член 85**

Надзорниот одбор го свикува претседавачот на Одборот.

По потреба Надзорниот одбор може да го свика и Претседателот на ФФМ.

Надзорниот одбор го контролира работењето, извршувањето на финансискиот план, наменското и рационално користење на средствата како и усогласеноста на работењето со позитивните законски прописи.

За наодите од работењето, Надзорниот одбор поднесува извештај.

Начинот на работа и задачите на Надзорниот одбор се утврдуваат со Правилникот за организација на ФФМ .

### **IV.1.2** ***Комисија за избори и верификација***

**Член 86**

Комисијата за избори и верификација е колегијален орган.

Изборот на членовите на Комисијата го врши Генералното собрание на предлог на Управниот одбор на ФФМ .

Комисијата полноважно заседава во полн состав и одлуките ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови.

**Член 87**

Членовите на Комисијата треба да поседуваат стручни знаења од областа на правото и спортското работење.

**Член 88**

Комисијата има надлежност:

- да го организира , координира и надгледува изборниот процес уреден со одредбите на овој Статут и Правилникот за избори ;
- да ги утврдува мандатите на делегатите и му предлага на собранието верификација на истите;
- да го утврди кворумот за работа на Генералното собрание.

**Член 89**

Правилникот за избори, дополнително ја утврдува надлежноста, составот и начинот на постапување на оваа Комисија.

## IV.2 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФФМ

**Член 90**

Претседателот на ФФМ ја претставува и застапува Фудбалската федерација на Македонија во правниот промет во државата и странство.

Претседателот на ФФМ е овластен потписник по функција, на сметките , финансиската и правната документација, која произлегува од работењето на ФФМ.

Претседателот може да го ополномошти Генералниот секретар и/или член на Управниот одбор да потпишува финансиска и/или правна документација од негова надлежност.

**Член 91**

На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание од редот на делегатите на Генералното собрание, во пропишана постапка согласно утврдените критериуми во овој Статут.

Во случај членките на ФФМ во своите статути да немаат определено надлежен орган, за надлежен орган се смета собранието на членката.

Со изборот за функцијата Претседател на ФФМ, на Претседателот не му престанува функцијата делегат на собранието на ФФМ.

За исполнетоста на критериумите на кандидатите за претседател одлучува Комисијата за избори и верификување.

Претседателот на ФФМ по функција е Претседател на Генералното собрание и Претседател на Управниот одбор на ФФМ.

Мандатот на Претседателот согласно одредбите на овој Статут изнесува 4 (четири) години со право на повторен избор.

**Член 92**

Претседателот на ФФМ ги има следните надлежности:

- претседава со седниците на Генералното собрание и ги потпишува актите и одлуките на Генералното собрание;
- ги свикува, предлага дневен ред и претседава со седниците на Управниот одбор и Одборот за итност и ги потпишува сите акти и одлуки кои произлегуваат од работењето на овие органи;
- им доделува на членовите на УО координативни задачи и функција на претседавач во постојаните и ад-хок комисии на УО;
- го следи спроведувањето на одлуките донесени од Генералното собрание, Управниот одбор и Одборот за итност на ФФМ;
- ја следи работата на статутарните органи во насока на остварување на целите утврдени во овој Статут;
- предлага потпретседатели на Управниот одбор на ФФМ;
- ја следи и раководи со работата на административниот орган на ФФМ;
- предлага избор и разрешување на Генералниот секретар и менаџерската структура на ФФМ;

Останатите надлежности на Претседателот се уредени во Правилникот за организација на ФФМ.

**Член 93**

Во случај на привремена или трајна спреченост на Претседателот да ја извршува функцијата Претседател на УО и Одборот за итност, функцијата на предлог на Претседателот или УО ја извршува еден од Потпретседателите до престанување на околностите кои довеле до спреченоста на извршувањето на функцијата.

Доколку спреченоста на извршување на функцијата трае повеќе од 6(шест) месеци се закажува седница на Генералното собрание, редовна или вонредна, со цел избор на Претседател на ФФМ за преостанатото времетраење на мандатот.

## IV.3 УПРАВЕН ОДБОР

**Член 94**

Управниот одбор е извршен орган на ФФМ.

Членовите на Управниот одбор ги избира Генералното собрание на предлог на членките на ФФМ со исклучок утврден во член 70 од овој Статут.

Секоја членка може да предложи еден кандидат за член на Управниот одбор на ФФМ.

Предлозите за кандидат за член на УО заедно со документацијата од која може да се утврди дали кандидатот ги исполнува условите за кандидирање од член 43 на овој Статут, членката ги доставува најдоцна 20(дваесет) дена пред денот на одржување на седницата на Собранието на ФФМ до Комисијата за избори и верификување на ФФМ.

Комисијата за избори и верификување на ФФМ по добивање на предлозите од членките подготвува конечна листа/и на кандидати која заедно со предлог дневниот ред и останатите материјали за собранието се доставува до членките на ФФМ.

Членките на ФФМ преку нивните избрани делегати на седницата на Генералното собрание согласно одредбите на овој Статут ги избираат членовите на Управниот одбор.

***Состав***

**Член 95**

Управниот одбор брои 15 члена и го сочинуваат:

- Претседател
- потпретседатели
- 12 члена

По исклучок согласно член 70 од овој Статут, Управниот одбор може да брои најмногу 19 члена.

Претседател на Управниот одбор е Претседателот на ФФМ.

Членовите на УО на конститутивната седница на предлог на Претседателот од сопствените редови бираат потпретседатели.

**Член 96**

Управниот одбор може да му предложи на Собранието изборот на членовите за УО да се врши со избор на кандидати од посебни листи од кои:

- за првата листа по еден предлог даваат ОФС, како основни територијални фудбалски организации, за избор на 10 члена на Управен одбор;

- за втората листа по два предлога даваат секоја членка - организација на клубови, вклучително , во футсал, во женски фудбал и во фудбал на плажа како и организацијата на фудбалери , за избор на 3 члена на Управен одбор;

- за третата листа по два предлога даваат Организацијата на тренери и Организацијата на судии, за избор на по 1 член на Управен одбор - вкупно два члена;

Бројот на предложените кандидати се намалува доколку членката има предлог и за кандидат за Претседател на ФФМ.

***Мандат***

**Член 97**

Мандатот на членовите на Управниот одбор согласно одредбите на овој Статут изнесува 4 (четири) години.

Мандатот на членовите на УО започнува по завршување на седницата на Генералното собрание и трае до завршување на седницата на Генералното собрание на која се врши избор на нов состав на Управен одбор во четвртата година од нивниот мандат.

Членовите на Управниот одбор можат да бидат повторно избрани.

**Член 98**

За времетраење на мандатот, со исклучок како во одредбите на овој Статут , членовите на Управниот одбор не можат да бидат членови на Генералното собрание и неговите тела, Правните органи, Телата за лиценцирање , Арбитражниот трибунал и Административниот орган на ФФМ.

**Член 99**

Мандатот на членовите на УО, како и на делегатите на собранието, ќе се смета за прекинат во случај на:

- утврдување на трајна неспособност за вршење на функцијата или смрт;
- правосилна судска пресуда со која на членот му е изречена казна затвор во траење од 6 месеци и повеќе;
- изречена дисциплинска мерка забрана на вршење функција во траење од 6 месеци и повеќе, од орган на ФФМ или потврдена од орган на ФФМ;
- неоправдано отсуство на повеќе од 3 (три) последователни седници;
- поднесување на оставка.

**Член 100**

При прекин на мандатот на/или повеќе од 3 (три) члена , Управниот одбор заради зачувување на интегритетот и заштита на процесот на одлучување по спроведена постапка назначува еден или повеќе членови на испразнетите позиции на предлог на членките на ФФМ.

На првата наредна седница на Собранието, на местото на прекинатите мандати се потврдуваат назначените од Управниот одбор или се избираат нови во зависност од тоа дали во периодот од 20 дена пред седницата членките доставиле предлози за други кандидати или ги поддржале назначените.

**Член 101**

Во вонредна ситуација кога доаѓа до прекин на мандатот на повеќе од половината членови на Управниот одбор, се свикува вонредна седница на Собранието на начин предвиден со одредбите на овој Статут.

***Одржување седници***

**Член 102**

Седниците на Управниот одбор ги закажува и со нив претседава Претседателот на ФФМ.

Седниците на Управниот одбор не се јавни.

Покрај членовите на УО, на седниците присуствуваат: Генералниот секретар и лица од Генералниот секретаријат согласно надлежноста која ја имаат, во советодавна улога.

На барање на Претседателот, на седницата без право на глас можат да се поканат да присуствуваат и други лица.

**Член 103**

Управниот одбор одржува најмалку 6(шест) седници во текот на една календарска година.

На барање на најмалку половина од членовите на Управниот одбор, Претседателот ќе закаже седница во рок од 21(дваесет и еден) ден од денот на поднесување на барањето.

Непостапување по барањето од претходниот став им овозможува на членовите седницата да ја закажат самостојно и за тоа да го известат Генералниот секретар на ФФМ.

***Кворум и одлуки***

**Член 104**

Управниот одбор, може полноважно да заседава, доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови на УО.

Доколку на седницата нема кворум за одлучување, истата се закажува за 24 часа во исто време на исто место.

При немање кворум на повторно закажаната седница како во став два на овој член донесените одлуки добиваат третман како одлуки донесени од страна на Одбор за итност.

Секој член на УО има право на еден глас.

Гласењето се спроведува со дигање рака освен во случаи кога Управниот одбор не одлучи поинаку.

Секој член има право да побара и добие збор, дискутира и го искаже своето мислење.

Право на глас имаат само членовите на УО присутни на седницата.

По исклучок на став 4 од овој член, при еднаков број на гласови, гласот на Претседателот има одлучувачки карактер.

Одлуките се донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од присутните членови.

**Член 105**

Во случај на судир на интереси, членот на Управниот одбор има право и обврска да се воздржи од дискусија и произнесување по предметната точка на дневен ред.

**Член 106**

Одлуките на Управниот одбор стапуваат на сила веднаш, освен кога Управниот одбор не одлучи поинаку.

***Записник***

**Член 107**

Одговорно лице за начинот и водењето на записникот е Генералниот секретар на ФФМ.

Записникот од седниците на Управниот одбор се изготвува во рок од 15(петнаесет ) дена од денот на одржување на седницата.

Записникот може да се води мануелно или преку аудио/видео снимка.

Записникот задолжително содржи: евиденција на присутни и отсутни членови, дневен ред, изјаснување, донесени одлуки и образложение.

***Дневен ред***

**Член 108**

Дневниот ред за седниците на Управниот одбор го предлага Претседателот на ФФМ.

Членовите на Управниот одбор имаат право да учествуваат во составувањето на дневниот ред и да предлагаат точки на дневен ред.

Предлозите за точки на дневен ред, членовите на УО ги доставуваат до Генералниот секретар најдоцна 3(три) дена по добивање на известувањето за закажаната седница на Управниот одбор.

Дневниот ред се доставува до членовите на Управниот одбор најдоцна 3(три) дена пред одржување на седницата.

По исклучок дневниот ред може да се достави и 2(два) дена пред одржување на седницата.

***Надлежност***

**Член 109**

Управниот одбор има надлежност да одлучува за сите прашања за кои не се надлежни останатите статутарни органи меѓу кои:

- ги организира седниците на Генералното Собрание;
- ги утврдува предлозите за измена и дополнување на Статутот и останатите акти во надлежност на Собранието;
- усвојува правилници, пропозиции и други акти кои не се во надлежност на Генералното Собрание;
- ги утврдува финансиските извештаи-завршната сметка и предлага финансиски план-буџет;
- му предлага на Собранието избор на независна Ревизорска куќа;
- го разгледува и утврдува ревизорскиот извештај;
- одлучува за суспензија на членка помеѓу две седници на Собранието на ФФМ;
- изготвува извештај за работата;
- му предлага на Собранието почесни членови и почесен претседател;
- го прати извршувањето на одлуките на Генералното собрание;
- извршува и други работи кои ќе му ги довери Генералното Собрание;
- организира натпреварување во прв , втор и трет степен во сениорска и конкуренција во млади категории во фудбал, женски фудбал , футсал , фудбал на плажа;
- организира натпреварување во детски фудбал и останати категории од базичен фудбал;
- предлага измена на систем за натпреварување во сите категории фудбал и усвојува измени во системот на натпреварување во футсал и женски фудбал;
- ги усвојува календарите за натпреварување во сите категории;
- усвојува листи на судии, контролори, делегати и други службени лица за натпреварувањата во организација на ФФМ;
- одлучува по покренати барања за заштита на правилници согласно актите на ФФМ;

- поништува и укинува одлуки на свои органи по вонредни правни лекови;

- одлучува за назначување на дополнителни членови на УО согласно член 70 и член 100 од овој Статут;

- на предлог на Претседателот избира потпретседатели на УО;

- во случај на спреченост на извршување на функцијата од страна на Претседателот, го избира потпретседателот кој времено ќе ја врши функцијата;

- ги поставува и разрешува претседавачите, замениците и останатите членови на постојаните и ад-хок тела;

- на предлог на членките , избира и утврдува листа на арбитри за арбитражен трибунал;

- под посебни околности утврдени со Правилникот за организација на ФФМ, со консензус може да суспендира од вршење функција член на статутарен орган до наредна седница на Генералното собрание;

- ги разгледува и усвојува извештаите на постојаните и ад-хок тела;

- врши надзор над сите активности на телата кои му се во надлежност;

- ги разгледува, утврдува и ги доставува до Собранието годишните извештаи на другите статутарни органи;

- одлучува по прашања поврзани со работата на членките на ФФМ;

- ја оценува усогласеноста на статутите и другите акти на членките со актите на ФФМ;

- ја усвојува организацијата на Генералниот секретаријат;

- на предлог на Претседателот го именува и разрешува Генералниот секретар на ФФМ;

- на предлог на Претседателот ја именува и разрешува менаџерската структура на ФФМ;

- одлучува за сите видови соработка и меѓународни прашања;

- одлучува за прашања поврзани со меѓународен фудбал и оранизирање на меѓународни натпревари;

- организира и поддржува настани од социјален карактер;

- се грижи за примена на одлуките и актите кои произлегуваат од Статутите на УЕФА и ФИФА;

- ги усвојува програмите за развој за сите фудбалски категории и организации на фудбалски чинители;

- ги поставува и ги разрешува селекторите и стручните штабови на сите национални селекции;

- ја утврдува комерцијалната политика и стратегија на ФФМ;

- одлучува за награди,признанија и донации кои не се во надлежност на собранието;

- одлучува за висина на членарини;

- обезбедува средства за трошоци кои не се предвидени во буџетот во висина од 20% од буџетот за претходната календарска година;

- одлучува за висина на износите на таксите на поднесоци по разни основи;

- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите статутарни органи.

Управниот одбор со посебен акт/одлука утврдува критериуми и начин на доделување на награди и признанија за посебен придонес и развој на фудбалскиот спорт.

Управниот одбор може дел од надлежностите да ги делегира на неговите постојани и ад-хок тела.

Управниот одбор може дел од надлежностите поврзани со организација на натпревари и натпреварувања да ги делегира на членките.

Надлежностите од претходниот став се уредени со Правилникот за организација на ФФМ.

### IV.3.1 Одбор за итност

**Член 110**

Одборот за итност е тело на Управниот одбор составено од 3(три) члена : Претседател, еден од потпретседателите и еден член на УО определен од Претседателот.

Во случај на отсуство на потпретседателот од став 1 на овој член , Претседателот го повикува другиот потпретседател, а во случај на спреченост, друг член на Управниот одбор.

Одборот за итност одлучува помеѓу две седници на Управниот одбор за итни прашања кои се во надлежност на Управниот одбор.

Одборот за итност го свикува и со него претседава Претседателот.

**Член 111**

За полноважно одлучување потребно е Одборот за итност да заседава во полн состав.

Одлуките се носат со мнозинство од вкупниот број на гласови.

Сите одлуки на одборот за итност стапуваат на сила веднаш, а ќе се дадат на потврдување на првата наредна седница на Управниот одбор.

Управниот одбор може да одлучи поинаку, во таков случај одлуките се укинуваат, се разгледуваат и по нив повторно се одлучува.

Правните последици на укинатите одлуки останууваат.

**Член 112**

Во случај на судир на интереси било кој член на Одборот за итност треба да се изземе од одлучување самостојно или по службена должност.

Во случај на судир на интереси на Претседателот, со Одборот за итност претседава потпретседателот.

Во случај на судир на интереси на Претседателот и потпретседателот од член 110 став 1 на овој Статут, со Одборот за итност претседава другиот потпретседател.

Во случај на спреченост на другиот потпретседател, со Одборот за итност претседава членот на УО со најдолго искуство како член на УО ,а во одлучувањето учествува уште еден член на предлог на Претседателот.

**Член 113**

Одборот за итност одлуките ги носи на седници за кои се составува записник под раководство на Генералниот Секретар.

Одлуките може да се донесат и без присуство по електронски пат преку доставување на дневен ред и изјаснување со електронска пошта или преку конференциска врска.

Доколку одлуките се донесени по електронски пат или преку конференциска врска, за истото се составува записник потпишан од Претседателот и Генералниот секретар (доколку е применливо), во случај на неприменливост записникот го потврдува и менаџерската структура на ФФМ на денот на донесување на одлуките.

Записникот од претходниот став треба да биде потпишан од сите членови на Одборот за итност пред да се стават одлуките на потврдување од страна на Управниот одбор.

**IV.3.2** ***Постојани тела на УО***

**Член 114**

Управниот одбор на ФФМ за остварување на целите, дел од надлежностите во врска со спроведување на активности, организирање и одлучување може да ги делегира на следните постојани тела ( комисии и одбори):

- Комисија за натпревари;
- Младинска комисија;
- Комисија за женски фудбал;
- Комисија за футсал;
- Комисија за базичен фудбал;
- Комисија за статус на фудбалери;
- Комисија за верификација на договори и регистрација;
- Правна комисија;
- Финансова комисија;
- Комисија за меѓународни активности;
- Комисија за безбедност;
- Комисија за инфраструктура;
- Комисија за фер плеј;
- Комисија за медицина и анти-допинг;
- Комисија за општествена одговорност;
- Комисија за медиуми и маркетинг.

Претседателот ги именува претседавачите на постојаните комисии од редот на членовите на Управниот одбор на ФФМ со исклучок на претседавачите на комисиите за кои ќе се утврди дека е потребна стручност од соодветна област.

Член на Управен одбор не може да претседава со повеќе од една постојана комисија.

Претседателот при определување на претседавачи на телата на УО, внимава на стручните квалификации потребни за извршување на работи од делокругот на надлежностите на определеното тело.

Замениците претседавачи и членовите на постојаните тела ги избира Управниот одбор на предлог на членките на ФФМ.

**Член 115**

Управниот одбор  формира постојани одбори:

- Одбор на судии

- Одбор на тренери

Составот и надлежностите на Судискиот  и  Тренерскиот одбор   се утврдуваат со Правилникот за организација на ФФМ.

**Член 116**

Управниот одбор  во интерес на клубовите со цел надминување на спорни и други прашања  кои произлегуваат од натпреварувањето, може да формира  одбори составени од претставници на клубовите кои се натпреваруваат во прв и втор степен .

Начинот на работа на овие одбори ќе се утврди со Деловник за работа кој го усвојува Управниот одбор на ФФМ.

Управниот одбор, со цел заштита на интересите на фудбалерите може да формира и Одбор на фудбалери.

Во својство на советодавно тело, Управниот одбор може да формира и Одбор на искусни и докажани поранешни фудбалери.

### IV.3.3  АД-ХОК тела на  УО

**Член 117**

Управниот одбор, може да формира ад-хок тела со посебна цел и на определено време.

Управниот одбор, со одлука за формирање го утврдува:  составот, целите, правата, обврските и роковите за поднесување на извештај на телата.

**Член 118**

Управниот одбор  со посебен акт – Правилник за оганизација на ФФМ ги утврдува:  составот, целите, надлежностите, правата, обврските, постапките и начинот на носење на одлуки на постојаните и ад-хок телата.

### IV.3.4  ЛИЦЕНЦНИ ТЕЛА НА ФФМ

**Член 119**

Со цел развој и унапредување на клубскиот менаџмент, клубската администрација и почитување на финансискиот фер плеј, ФФМ во соработка со УЕФА усвојува правила за лиценцирање и утврдува критериуми за стандардизирање во работењето на фудбалските клубови.

**Член 120**

Учеството на клубовите во системот за натпреварување на ФФМ и на УЕФА е условено од спортскиот резултат и исполнувањето на критериумите за лиценцирање.

Постапката за утврдувањето на исполнетоста на критериумите ја спроведуваат лиценцните тела на ФФМ.

Лиценцни тела на ФФМ се:

- Комисија за лиценцирање
- Комисија за жалби за лиценцирање

***Комисија за лиценцирање***

**Член 121**

Комисијата за лиценцирање претставува тело кое одлучува во прв степен за исполнетоста на критериумите за лиценцирање од страна на клубовите апликанти, а пропишани во Правилникот за лиценцирање на клубови кои учествуваат во натпревари во организација на УЕФА и Правилникот за лиценцирање на клубови кои се натпреваруваат во национални натпреварувања.

**Член 122**

Комисијата за лиценцирање ја бира Управниот одбор на ФФМ со мандат од 4(четири) години , составена е од 5 (пет) члена од кои покрај останатите услови предвидени со овој Статут, еден член треба да биде искусен правник и еден член да има искуство и финансиска наобразба во областа на ревизија и сметководство.

**Член 123**

Комисијата има надлежност земајќи ја во предвид исполнетоста на предвидените критериуми да издаде или не издаде лиценца за соодветното натпреварување.

Комисијата за лиценцирање може да одлучува и по други прашања утврдени со актите на ФФМ.

За полноважно работење на комисијата, потребно е присуство на повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките на комисијата се донесувааат со мнозинство од присутните членови, во случај на изедначен број на гласови, гласот на претседавачот е одлучувачки.

По исклучок, одлуките може да се донесат и без присуство, по електронски пат преку доставување на дневен ред и изјаснување со електронска пошта или преку конференциска врска.

Доколку одлуките се донесени по електронски пат или преку конференциска врска, за истото се составува записник потпишан од присутните членови и Генералниот секретар, доколку е неприменливо записникот го потпишува Генералниот секретар.

Записникот од претходниот став дополнително во рок утврден со Деловник за работа го потпишуваат членовите на Комисијата кои учествувале во одлучувањето.

Останатите прашања поврзани со составот, надлежностите и постапката се предмет на уредување на предметниот Правилник за лиценцирање на клубови.

***Комисија за жалби за лиценцирање***

**Член 124**

Комисијата за жалби за лиценцирање брои 5(пет) члена од кои покрај останатите услови предвидени со овој Статут, еден член треба да биде искусен правник и еден член да има искуство и финансиска наобразба во областа на ревизија и сметководство.

Комисијата има надлежност да одлучува по жалби на првостепените решенија на клубовите апликанти.

За полноважно работење на комисијата, потребно е присуство на повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките комисијата ги носи со мнозинство од присутните членови, во случај на изедначен број на гласови, гласот на претседавачот е одлучувачки.

Останатите прашања поврзани со составот, надлежностите и постапката се предмет на уредување на предметниот Правилник за лиценцирање на клубови.

## IV.4. ПРАВНИ ОРГАНИ НА ФФМ

***Заеднички одредби***

**Член 125**

Правните органи на ФФМ имаат надлежност да постапуваат при основано сомнение за непочитување на актите на ФФМ и/или утврдување на кршење на правилата на фудбалската игра утврдени во Правилата на фудбалската игра, Правилникот и Пропозициите на соодветното натпреварување и други акти на ФФМ, да вршат истражни дејствија, покренуваат и водат постапки, сослушуваат странки и сведоци во постапките, донесуваат одлуки, изрекуваат дисциплински мерки.

**Член 126**

Правните органи можат да бидат инокосни и колегијални.

Правните органи ги бира Генералното собрание на предлог на Управниот одбор.

Членовите на правните органи согласно одредбите на овој Статут имаат мандат од 4 (четири) години и истите можат повторно да бидат бирани.

Кандидатите за претседавачи и заменици претседавачи на правните органи покрај општите услови предвидени со одредбите на овој Статут , потребно е да имаат

знаења, способности  и стручни познавања од определена област неопходни за одлучување во рамките на органот.

**Член 127**

Колегијалните правни органи заседаваат и одлучуваат на седници.

Инокосниот орган за активностите кои ги превзема се произнесува со извештај.

Правните органи надлежноста ја црпат од овој Статут, Правилникот за организација, Дисциплинскиот правилник, Етичкиот кодекс и други акти кои ја регулираат предметната област.

**Член 128**

Доколку за времетраење на мандатот на членовите на колегијалните правни органи, поради спреченост на вршење на функцијата на дел од членовите, се оневозможи работата на органот, Управниот одбор именува замена до престанување на причините за спреченоста или до наредната седница на Генералното собрание кога ќе се изврши избор за испразнетата позиција согласно одредбите на овој Статут.

***Дисциплински мерки***

**Член 129**

Дисциплинските мерки се изрекуваат на правни и физички лица.

**Член 130**

Правните органи кои имаат надлежност за изрекување на дисциплински мерки можат да  изречат суспензија како времена мерка до изрекување дисциплинска казна и дисциплинска казна и тоа:

- опомена;
- парична казна;
- временска мерка;
- службен резултат;
- одземање бодови;
- исклучување од клуб;
- исклучување од фудбалска организација;
- исклучување од лига и враќање во понизок степен на натпреварување, односно елиминирање од понатамошно куп натпреварување;
- враќање на награда.

Опомена се изрекува  на правни и физички лица за прекршоци кои се сторени под олеснителни околности, поради што истите ги прават посебно лесни.

Парична казна се изрекува на правни и физички лица во денари или евра во денарска противвредност , поблиску уредено со Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Временска мерка за физички лица може да биде:

- забрана на настап;

- доживотна забрана на настап;
- забрана за пристап до соблекувални и/или резервна клупа;
- забрана за пристап на стадион;
- забрана на вршење на определена функција на одредено време;
- забрана на вршење на сите функции на одредено време;
- забрана за учество во било каква активност поврзана со фудбалот;
- определување задолжително учество во програма од воспитен/ социјален карактер.

Временска казна за правни лица може да биде:
- забрана на одигрување на натпревар на одреден терен;
- одигрување на одреден број натпревари без присуство на гледачи.

Казната одземање бодови се изрекува на правни лица и надлежниот правен орган може да ја изрече со:
- одземање на бодови од тековното бодовно салдо, односно од освоените или бодови кои клубот ќе ги освои во тековното првенство;
- забрана за вршење трансфер на фудбалер;
- одземање на бодови од наредното првенство (негативни бодови).

Казната враќање на награда се изрекува на правни и физички лица за прекршоци уредени со Дисциплинскиот правилник и Етичкиот кодекс на ФФМ.

Суспензија како времена мерка може да се изрече и на физички и на правни лица.

**Член 131**

Во исто време и за ист прекршок, надлежниот правен орган може да изрече кумулативно повеќе видови мерки како главна и споредни казни.

Во исто време и за различни прекршоци надлежниот правен орган може да изрече една заедничка мерка.

Дисциплинските мерки можат да бидат изречени на сите субјекти во фудбалската организација без разлика на степенот и рангот во кој се врши функцијата.

Постапката и дисциплинските мерки кои ги изрекуваат надлежните правни органи на ФФМ се регулирани со Дисциплинскиот правилник на ФФМ, во согласност со Дисциплинскиот код на ФИФА, Етичкиот кодекс и другите акти кои ја регулираат предметната материја.

**Член 132**

Правни органи на ФФМ се:

- Дисциплински инспектор;

- Дисциплинска комисија;

- Етички одбор;

- Комисија за жалби.

### *IV.4.1 Дисциплински инспектор*

**Член 133**

Дисциплинскиот инспектор на ФФМ е инокосен правен орган кој го бира Генералното собрание на предлог на Управниот одбор на ФФМ.

**Член 134**

Дисциплинскиот инспектор има надлежност :

- да спроведува истражни дејствија и превзема активности во врска со истражни дејствија;
- да поднесе пријава за покренување на дисциплинска постапка или пријава пред Етичкиот одбор на ФФМ за непочитување на Статутот и актите на ФФМ од страна на сите субјекти на дисциплинска одговорност;
- да поднесе жалба и вонреден правен лек.

Дисциплинскиот инспектор треба да поседува стручни знаења од областа на правото.

Работата и начинот на постапување на Дисциплинскиот инспектор ќе се регулираат со Правилникот за организација на ФФМ .

### *IV.4.2 Дициплинска комисија*

**Член 135**

Дисциплинската комисија на ФФМ е колегијален орган, составен од 5 члена од кои еден претседавач и еден заменик претседавач.

Претседавачот и заменик претседавачот треба да поседуваат стручни знаења од областа на правото.

Изборот на членовите на комисијата го врши Генералното собрание на предлог на Управниот одбор на ФФМ.

За полноважно заседавање на Комисијата ,потребно е присуство на повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките Комисијата ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови.

**Член 136**

Претседавачот на Дисциплинската комисија може од редовите на Комисијата да назначи членови кои ќе имаат надлежност да ја извршуваат функцијата во својство на дициплински комесар кога се во прашање прекршоци поврзани со натпреварувањето во млади категории, женски фудбал и футсал.

**Член 137**

Комисијата постапува по пријава за  дисциплински прекршок или по службена должност во согласност со одредбите на  Дисциплинскиот правилник на ФФМ и други акти каде се предвидени дисциплински прекршоци и мерки.

Комисијата одлучува во прв степен за:

- дисциплински прекршоци кои произлегуваат од правилата на игра, спортското однесување и организацијата на натпреварите на натпреварувањата кои ги организира ФФМ;

- дисциплински прекршоци кои произлегуваат од непочитување на одредбите на овој Статут, актите, директивите, заклучоците, одлуките  и други писмена на ФФМ, УЕФА и ФИФА од страна на органите и телата на ФФМ; членките, нивните органи и тела; нивните членки, органи и тела; како и на  сите останати неспоменати категории правни и физички лица вклучени во фудбалската организација независно од степенот и функцијата која ја вршат.

### *IV.4.3 Етички одбор*

**Член 138**

Етичкиот одбор на ФФМ е колегијален орган, составен од 5 члена од кои еден претседавач, еден заменик претседавач  и три члена.

Етичкиот одбор има стручно тело за истраги кое е составено од еден член на одборот кој се бира на предлог на претседавачот , Дисциплински инспектор на ФФМ и Офицерот за интегритет на ФФМ.

Стручното тело за истраги врши истражни дејствија  по барање на Одборот.

Изборот на членовите на Етичкиот одбор го врши Генералното собрание на предлог на Управниот одбор на ФФМ .

За полноважно заседавање на Етичкиот одбор, потребно е присуство на повеќе од половината  од вкупниот број на членови.

Одборот одлуките ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови.

**Член 139**

Претседавачот и заменик претседавачот на Етичкиот одбор треба да поседуваат стручни знаења од областа на правото.

Членот на Етичкиот одбор кој е во состав на Телото за истраги треба да ги поседува потребните вештини и стручни знаења.

**Член 140**

Етичкиот одбор е одговорен за мониторирање на работата на фудбалската организација во насока на препознавање на нерегуларности  меѓу кои: корупција,

обложување, недозволено влијание на текот и исходот на фудбалските натпревари, неморални и неетични активности и методи на работа во фудбалската организација.

Етичкиот одбор изрекува мерки на сите директно или индиректно вклучени субјекти во фудбалската организација врз основа на овој Статут, Етичкиот кодекс на ФФМ, Дисциплинскиот правилник на ФФМ и други акти и прописи поврзани со предметната материја.

Етичкиот одбор може да има и други надлежности, начинот на постапување, одлучување и надлежностите на Етичкиот одбор се уредуваат во Правилникот за организација на ФФМ.

### *IV.4.4 Комисија за жалби*

**Член 141**

Комисијата за жалби на ФФМ е колегијален орган, составен од 5 члена од кои еден претседавач и еден заменик претседавач.

Изборот на членовите на комисијата го врши Генералното собрание на предлог на Управниот одбор на ФФМ.

За полноважно заседавање на Комисијата потребно е присутво на повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките Комисијата ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови.

**Член 142**

Претседавачот и заменик претседавачот на Комисијата за жалби треба да поседуваат стручни знаења од областа на правото.

**Член 143**

Комисијата за жалби постапува согласно одредбите на овој Статут, Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Етичкиот кодекс на ФФМ, Правилникот за избори на ФФМ и други акти каде е предвидена двостепеност во одлучувањето.

Исклучок од став 1 на овој член е процесот на лиценцирање на клубови за национално или УЕФА натпреварување.

**Член 144**

Предмет на жалба се одлуките на првостепените правни органи кои во времето на поднесување на жалбата не станале правосилни.

Предмет на жалба можат да бидат и одлуки на други првостепени органи кои во времето на поднесување на жалбата не станале правосилни, меѓу кои постојани тела на УО кои водат натпреварување, одлучуваат за прашања поврзани со статус на фудбалери , судиски, тренерски прашања и друго.

**Член 145**

Против одлуките на Комисијата за жалби не е дозволена жалба,тие се конечни.

**Член 146**

По завршување на второстепената постапка заинтересираните страни во согласност со пропишаните правила можат да поднесат вонредни правни лекови уредени со Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

## IV.5 *Генерален секретаријат*

**Член 147**

Генералниот секретаријат е административно тело на Фудбалската федерација на Македонија.

Организацијата на Генералниот секретаријат се уредува со Правилникот за организација на ФФМ.

Со Генералниот секретаријат раководи Претседателот на ФФМ како лице кое ја претставува и застапува ФФМ во правниот промет.

**Член 148**

На предлог на Претседателот, Управниот одбор именува менаџерска структура на Генералниот секретаријат.

Генералниот секретар и менаџерите на сектори треба да имаат високо образование, стручни знаења од областа на соодветниот сектор, искуство во фудбалското административно работење од најмалку 5(пет) години, познавања на актите на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

Генералниот секретар и менаџерите на сектори имаат мандат од 4(четири) години со право на реизбор.

За координација и раководење со работата на националните тимови, ФФМ ангажира технички директор односно директор за развој и координатор кој активно учествува во работата на националните селекции.

**Член 149**

Претседателот може да делегира дел од овластувањата поврзани со раководење и финансиско работење на Генералниот Секретаријат, вклучително и потпишување на финансиски документи на Генералниот секретар .

Генералниот секретар е одговорен за извршување на финансовиот план на ФФМ.

Генералниот секретар во соработка со менаџерите на сектори ја координира работата на органите и телата на ФФМ и е одговорен за работата на Генералниот секретаријат.

Генералниот секретар присуствува на седниците на Управниот одбор без право на глас.

Надлежностите на Генералниот секретар се уредуваат со Правилник за организација на ФФМ.

**Член 150**

Генералниот секретаријат ги има следните задачи:

- врши подготовки и административно-технички работи за организирање на одржувањето на Генералното собрание на ФФМ;

- ги организира седниците, административно ги поддржува, ги извршува и ги спроведува одлуките на статутарните органи , постојаните и ад-хок тела;

- врши активности поврзани со организирање на домашни и меѓународни натпревари;

- организира настани за промоција и развој на фубалот во РМ;

- ги спроведува одлуките на органите и телата на ФФМ;

- изготвува нацрт одлуки и акти на ФФМ;

- води книги за финансиско и материјално работење;

- води деловодни книги и архивско работење;

- води евиденција на регистрирани клубови, фудбалери, професионални договори со фудбалери, тренери и друго;

- води евиденција на активни фудбалски судии, контролори, ментори, организира спроведување испити за судии и друго;

-организира семинари, работилници , спроведува систем за едукација на тренери, судии и друго;

- предлага измена и дополнување на акти за систематизација и уредување на внатрешната организација на Генералниот секретаријат до Управниот одбор на ФФМ;

- извршува и други задачи потребни за остварување на целите дефинирани во овој Статут.

**Член 151**

Вработените во Генералниот секретаријат не можат да бидат членови на статутарните органи и тела на ФФМ, постојаните комисии и одбори како и членови на органи и тела на членките на ФФМ со исклучок предвиден со одредбите на овој Статут.

Вработените во административниот орган за времетраење на договорот за вработување, може да учествуваат во работата на органите и телата на УЕФА и ФИФА како и да вршат функции во УЕФА и ФИФА.

## V. *НАТПРЕВАРУВАЊА*

### *Видови и услови*

**Член 152**

ФФМ е надлежна за организирање на сите видови фудбалски натпреварувања што се одржуваат на територија на Република Македонија.

ФФМ организира, првенствени и куп сениорски и натпреварувања во млади категории 11 /11 , во машка и женска конкуренција.

ФФМ може да организира и натпреварување во други фудбалски категории како футсал, детски фудбал, фудбал на плажа и друго.

ФФМ може да организира и пријателски домашни или меѓународни натпревари и/или турнири.

Начинот на организирање, условите под кои се организираат , критериумите и останатото , опишани се во Правилник за натпреварување на ФФМ.

За секое натпреварување пред почетокот на сезоната, Управниот одбор донесува Пропозиции со кои подетално се утврдуваат правилата на натпреварувањето.

**Член 153**

ФФМ може дел од овластувањата за организирање на натпревари и натпреварувања да ги пренесе и на своите членки.

**Член 154**

Пред секоја натпреварувачка сезона/година, организаторот на натпреварувањето изготвува календар за натпреварување кој треба да биде усогласен со календарот на повисокиот степен на натпреварување на домашно ниво.

Календарот за натпреварувања на ФФМ треба да биде координиран и усогласен со меѓународниот календар на ФИФА.

### *Учество во натпреварување*

**Член 155**

Клубовите обезбедуваат учество во повисок степен на натпреварување со кумулативно исполнување на следните критериуми:

1. Остварен спортски резултат;

2. Исполнување на критериуми за лиценцирање за степените за натпреварување каде тоа е пропишано;

3. Исполнување на други критериуми утврдени од страна на органот кој ги усвојува Пропозициите за натпреварување.

**Член 156**

Клубовите обезбедуваат учество во меѓународни натпреварувања со кумулативно исполнување на следните критериуми:

1. Остварен спортски резултат;

2. Исполнување на критериуми за лиценцирање;

3. Исполнување на други критериуми утврдени од страна на органот кој го организира натпреварувањето.

**Член 157**

ФИФА ,УЕФА или друга конфедерација во зависност од местото на одигрување, имаат исклучива надлежност за организација на меѓународни натпреварувања и натпревари.

ФФМ, членките на ФФМ, и клубовите како индиректни членови можат да организираат меѓународни натпреварувања и натпревари само доколку за истото имаат одобрение од надлежен орган на ФИФА, УЕФА и соодветно на ФФМ.

**Член 158**

ФФМ, членките на ФФМ ,клубовите, фудбалерите , службените лица под никакви околности не смеат да настапуваат или склучуваат договори за организација или учество на меѓународни натпреварувања и/или натпревари доколку истите ги организира или учествува асоцијација/сојуз кој не е членка на ФИФА или е членка со привремен статус на една од конфедерациите, без одобрение на ФИФА.

***Права од натпреварување***

**Член 159**

Фудбалската федерација на Македонија и нејзините членки како организатори на соодветните натпреварувања, ги поседуваат сите права кои произлегуваат од натпреварите и предметното натпреварување како и од други настани чија организација ја имаат во надлежност.

Правата од став еден на оваа одредба вклучуваат финансиски права, дистрибуција на слика и/или звук, што вклучува, но не и ограничува на: пренос во живо, снимка или извадок преку аудиовизуелен и/или звучен медиум, репродукција и права за емитување, мултимедијални права, права поврзани со пренос на податоци од натпреварите, маркетиншки права, права на промоција и нематеријални права како што се ознаки, амблем, лого и други права што произлегуваат од Законот за авторски и други сродни права и индустриска сопственост.

**Член 160**

Условите, начинот на користењето, одговорноста за дистрибуција, ексклузивноста , правата и обврските кои произлегуваат од стопанисување со правата, предмет на оваа одредба вклучително и правата на клубовите кои како учесници во натпреварувањето се јавуваат како организатори на натпреварите, се регулираат со посебен Правилник за користење на медиумски и други права донесен од Управниот одбор на ФФМ.

# VI. НОРМАТИВНО-ПРАВНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

## *VI .1. Нормативно-правно работење*

### *Општи и поединечни правни акти на ФФМ*

**Член 161**

Општите акти на ФФМ ги сочинуваат, но не се ограничуваат на: овој Статут, правилниците, пропозициите за натпреварување , деловници за работа и друго.

Поединечните акти на ФФМ ги сочинуваат, но не се ограничуваат на: одлуките кои ги носат надлежни органи на ФФМ, заклучоците, критериумите и друго.

**Член 162**

Статутот е основен конститутивен правен акт на ФФМ.

Сите останати општи и поединечни акти на ФФМ и на членките на ФФМ мораат да бидат во согласност со овој Статут.

**Член 163**

Правилниците се општи акти со кои се регулира спортската легислатива во врска со специфична активност која произлегува од целите на ФФМ.

Одлуките се поединечни правни акти засновани на спортската легислатива на ФФМ, со кои на правни и физички лица согласно овој Статут им се дава насока, се уредува, утврдува, именува, изрекува определено чинење или нечинење.

**Член 164**

Работата на судиите и тренерите како посебни фудбалски категории се уредува со Правилник за судии и судење и Правилник за статус и работа на тренери.

Управниот одбор на ФФМ задолжително утврдува дисциплински правила; правила за натпреварување; правила за регистрација,статус и трансфер на фудбалери и правила за лиценцирање.

Во зависност дали се работи за домашно или меѓународно натпреварување правилата за лиценцирање се систематизирани во:

- Правилник за лиценцирање на клубови за домашно натпреварување;
- Правилник за лиценцирање на клубови за натпреварувања во организација на УЕФА.

Правилникот за лиценцирање на клубови за натпреварувања во организација на УЕФА мора да биде усогласен со Правилникот на УЕФА за клубско лиценцирање и финансиски фер плеј.

Согласно правилата за лиценцирање, процесот на лиценцирање клубови, го водат Телата за лиценцирање во соработка со Одделението за лиценцирање на ФФМ.

***Јавност во работењето***

**Член 165**

„Макфудбал" е службен лист на ФФМ.

Одлуките на органите и телата на ФФМ , објави од информативен карактер ,календари за натпреварување, табели, акти , регистрации на фудбалери, клубови, се објавуваат во службениот лист на ФФМ „Макфудбал" во согласност со донесените одлуки и актите на ФФМ.

Составот на редакцискиот одбор на службениот лист „Макфудбал" и надлежноста се утврдува со Правилникот за организација на ФФМ.

Актите на ФФМ, одлуки, распореди, календари, соопштенија до јавност и друго можат да се објавуваат и на веб страната на ФФМ.

***Спорови***

**Член 166**

За сите спорови помеѓу членките, играчите, посредниците, тренерите, судиите, клубовите и другите физички и правни лица кои превземаат и/или вршат спортски активности поврзани со фудбалската игра, се упатуваат истите да ги остваруваат преку договарање на надлежност на независен арбитражен трибунал признаен од ФФМ без вклучување на редовните судови на Република Македонија.

Поднесувањето на спорови како во став 1(еден) на оваа одредба, е задолжително во сите случаи за кои нема одредба со која се забранува арбитражно решавање на спорови, согласно позитивните законски прописи на Република Македонија.

**Член 167**

Составот, надлежностите и постапката за арбитражно решавање на спорови се уредува со посебен правилник.

***VI .2. Финансиско работење***

**Член 168**

Финансискиот период на ФФМ започнува на 01.01 и завршува на 31.12 во тековната година, истиот изнесува една година и се совпаѓа со календарската година.

**Член 169**

ФФМ има денарска и девизна сметка во една или повеќе банки.

**Член 170**

Финансиското работење на ФФМ се води во согласност со позитивните законски прописи во Република Македонија од областа на финансии и сметководство согласно утврдени сметководствени начела и принципи.

Финансиското работење на ФФМ е предмет  на редовна годишна ревизија спроведена од страна на независна ревизорска куќа.

Независниот ревизор го бира Генералното собрание на предог на Управниот одбор за период од  4(четири) години.

Независниот ревизор има обврска да ги ревидира финансиските извештаи претходно предмет на разгледување на Финансиската комисија на ФФМ  и ревизорскиот извештај да го достави и презентира на Генералното собрание на ФФМ.

**Член 171**

ФФМ остварува приходи од :

- членарина;
- ТВ и други медиумски права ;
- завештанија, легати;
- донации и спонзорста во врска со маркетиншки активности;
- приходи од УЕФА и ФИФА за остварување на целите на ФФМ што вклучува, но не ограничува ,поттикнување и развој на фудбалски активности, инфраструктурни проекти , администрација и друго;
- надоместоци и награди за учество во меѓународни натпреварувања и други приходи за кои одлуки донеле надлежни тела на УЕФА, ФИФА и други домашни и меѓународни организации;
- буџетот на РМ за развој и поддршка на фудбалот во РМ;
- надоместоци од членки, клубови и други фудбалски субјекти за учество, уплата на такси и парични казни,  согласно одлуки донесени од надлежни органи на ФФМ;
- издавање на брошури, публикации, стручно-информативни билтени и друго;
- закупнини, кирии;
- комерцијални права што вклучуваат, но не се ограничуваат на продажба на навивачки реквизити,топки, дресови, капи, значки и друго  со лого на ФФМ со цел промовирање на активности на ФФМ;
- приход од влезници од домашни и меѓународни натпревари;
- други неспоменати приходи согласно закон и целите утврдени во овој Статут.

**Член 172**

ФФМ за реализација на активностите кои произлегуваат од целите утврдени во овој Статут ги покрива:

- трошоците определени со финансискиот план –буџетот на ФФМ;

- трошоците одобрени од Генералното собрание;

- трошоците кои Управниот одбор ќе ги одобри во рамките на своите овластувања;

- сите други трошоци потребни за реализација на активности кои произлегуваат од целите.

**Член 173**

Секоја членка на ФФМ има посебно конто на кое ФФМ ги евидентира и пребива обврските и побарувањата на ФФМ и членката во согласност со позитивните законски прописи.

***Членарини/ надоместоци***

**Член 174**

Генералното собрание може на предлог на Управниот одбор да определи членарина за своите членки.

Износот на членарината е ист за сите членки.

**Член 175**

Управниот одбор на ФФМ, може да определи членките и/или клубовите од Прва и/или Втора МФЛ, кои организираат меѓународни натпревари, да доставуваат извештаи за остварени приходи од предметниот натпревар/ турнир.

Извештајот за остварени приходи се доставува на формулар пропишан од ФФМ, согласно кој се врши уплата на надоместок кој не може да изнесува повеќе од 3% од остварениот нето приход во корист на територијалната фудбалска организација и/или Фудбалската федерација на Македонија.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

***Виша сила***

**Член 176**

Во случај на виша сила и за прашања кои не се регулирани со овој Статут, надлежност за одлучување има Управниот одбор на ФФМ, кој при одлучување ќе ги земе во предвид правилата на ФИФА и УЕФА, позитивните законски прописи и начелото на право и праведност.

***Престанок со работа***

**Член 177**

ФФМ може да престане со работа под услови определени со овој Статут во согласност со позитивните законски прописи.

Во случај на престанок со работа ,со имотот на ФФМ управува орган избран на седницата на Генералното собрание на која е донесена одлуката за престанок на работа како "bonus pater familiae" до создавање на услови за повторно формирање со согласност на УЕФА и ФИФА.

**Член 178**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Генералното собрание на ФФМ.

Помеѓу две седници на Собранието толкување на овој Статут дава Управниот одбор на ФФМ.

Примената на одредбите на овој Статут ја следи Управниот одбор на ФФМ.

***Усогласување на акти***

**Член 179**

Актите на ФФМ ќе се усогласат со одредбите на овој Статут најдоцна до крајот на јуни 2018 година.

**Член 180**

Членките на ФФМ имаат обврска да ги усогласат статутите и другите акти на членката со овој Статут до одржување на редовното собрание на ФФМ за 2018 година.

Непостапувањето по одредбата од претходниот став има третман на непочитување на одредбите на овој Статут за што Управниот одбор на ФФМ може да му предложи на Собранието изрекување на дисциплинска мерка поврзана со статусни права на членката.

***Усвојување и влегување во сила***

**Член 181**

Одредбите од член 53 од овој Статут влегуваат во сила на 01.06.2018 година.

Овој Статут е усвоен од страна на делегатите на сите присутни членки на Редовното Генерално собрание одржано во Скопје на 18.02.2017 година.

По усвојување од страна на Генералното собрание , Статутот да се достави до Централниот регистар на Република Македонија заради евиденција.

Измените и дополнувањата на овој Статут влегуваат во сила 8(осум) дена од денот на објавување во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

# С О Д Р Ж И Н А


страна

**I. ДЕФИНИЦИИ** 01

**II. ОПШТИ ОДРЕДБИ** 03

1. Назив, седиште и законска форма 03
2. Знаме, амблем, печат и штембил 03
3. Цели 04
4. Членство во спортски организации 06
5. Обврски од членство 06
6. Неутралност и недискриминација 07
7. Промовирање на пријателски односи 07
8. Почитување на акти 07
9. Играчи 07
10. Правила на игра 08
11. Јазик и писмо 08

**III. ЧЛЕНСТВО** 08

12. Прием, суспензија, исклучување 08
13. Фудбалски клубови 12
14. Стручни струкови фудбалски организации 13
15. Здруженија на клубови 14
16. Базичен фудбал/грасрут 15
17. Права и обврски од членство 15
18. Заеднички одредби од членство 17

**IV. ОРГАНИЗАЦИЈА** 18

19. Органограм - Органи и тела 18
20. Општи одредби за избор на членови 19

**IV 1.** ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ 20

21. Структура на делегати на собрание 22
22. Ограничувања со вршење други функции 23
23. Надлежност 24
24. Начин на одлучување на собранието, кворум и мнозинство 26
25. Начин на одлучување на избори 27
26. Избор на Претседател 28
27. Избор на Управен одбор 28
28. Избор на други статутарни органи 29
29. Постапка за свикување, подготовка и одржување на седница 29
30. Редовна седница 29
31. Дневен ред 30

32. Вонредна седница 32
33. Записник 33

IV.1.1 Надзорен одбор 33

IV.1.2 Комисија за избори и верификација 34

**IV.2** ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФФМ 34

**IV.3** УПРАВЕН ОДБОР 36

34. Состав 36
35. Мандат 37
36. Одржување седници 38
37. Кворум и одлуки 39
38. Записник 39
39. Дневен ред 40
40. Надлежност 40

IV.3.1 Одбор за итност 43

IV.3.2 Постојани тела на УО 44

IV.3.3 АД-ХОК тела на УО 45

IV.3.4 ЛИЦЕНЦНИ ТЕЛА НА ФФМ 46

41. Комисија за лиценцирање 46
42. Комисија за жалби за лиценцирање 47

**IV.4**. ПРАВНИ ОРГАНИ НА ФФМ 47

43. Заеднички одредби 47
44. Дисциплински мерки 48

IV.4.1 Дисциплински инспектор 50

IV.4.4.2 Дициплинска комисија 50

IV.4.3 Етички одбор 51

IV.4.4 Комисија за жалби 52

**IV.5** ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ 53

**V. НАТПРЕВАРУВАЊА** 55

45. Видови и услови 55
46. Учество во натпреварување 55
47. Права од натпреварување 56

**VI – НОРМАТИВНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** 57

VI .1. Нормативно-правно работење 57

48. Општи и поединечни правни акти на ФФМ 57
49. Јавност во работењето 58
50. Спорови 58

VI.2. Финансиско работење 58

51. Членарини/ надоместоци 60

**VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ** 61

52. Виша сила 61
53. Престанок со работа 61
54. Усогласување на акти 61
55. Усвојување и влегување во сила 61

**Содржина** 63